## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од Второто продолжение на Сто и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 октомври 2005 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по Сто и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Андреј Жерновски, Лилјана Ивановска, Ванчо Ѓоргиев, Рафет Муминовиќ, Алија Ахмети, Теута Арифи, Ејуп Рустеми, Абдулаќим Адеми, Абдуладi Вејсели, Љубчо Ѓорѓиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со работа по точка 14-Предлог за донесување на закон за задолжително осигурување во сообраќајот, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој нема пријавено за збор, го заклучувам, претресот по текстот.

Пред да преминеме на гласање, да видиме колку има пратеници во салата.

Колку има потпишано пратеници? (46)

Бидејќи има само 46 пратеници потпишано, објавувам пауза до 11,30 часот.

(По патузата, седницата продолжи со работа во 11,30 часот).

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 61 пратеник, гласале 58, 57 гласале за, 1 воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжително осигурување во сообраќајот.

**Минуваме на точка 15-Предлог за донесување на закон за безбедност во железничкиот сообраќај.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Повелете господине министре, имате збор.

**Џемали Мехази:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Со донесувањето на Законот за железници и Законот за трансформација на Јавното претпријатие Македонски железници, произлезе потребата од регулирање на областа во железничкиот сообраќај, со донесување на нови закони кои ќе ги уредат прашањата во делот на безбедноста во железничкиот сообраќај и формирање на агенција за железнички сообраќај и транспорт, а кои се денес на дневен ред на оваа седница. На овој начин ќе се заокружи регулирањето на односите во областа на железничкиот сообраќај.

Причините за донесување на законот за безбедност во железничкиот сообраќај произлегуваат и од започнатата трансформација на ЈП Македонски жлезници и потребата од усогласување на оваа област со директивите на Европската унија.

Сакам да напомеам дека безбедноста на железничкиот сообраќај до сега беше регулирана на повеќе нивоа. Основно нормативно регулирање на безбедноста е направена во 1998 година со Законот за Македонски железници. Во овој период донесени се повеќе подзаконски акти во вид на прописи, упатства и сл., кои поблиску ја уредуваа оваа проблематика. Прописите беа изготвени од страна на Железничко транспортната организација-Скопје, која постоеше во рамките на Југословенски железници се до осамостојувањето на Македонија. Ваквите прописи до денес се во примена во нашата држава.

Може да се каже дека тогашниот развој и систем на функционирање на железничкиот сообраќај, во наведените прописи, задоволително се регулираше оваа област. Меѓутоа, како што претходно кажав, во областа на транспортната политика на државата, дојде не само до трансформирање на ЈП Македонски железници, туку и на целиот железнички систем во Република Македонија. Имено транспортниот пазар,со донесувањето на Законот за железници, во август оваа година, создадени се услови за либерализација и постоење на засебни субјекти, превозници и управители на инфраструктурата. Тоа значи дека нема да постојат можности, како што беше досега ЈП Македонски железници, да ја уредува и координира работата сврзана со безбедноста на железничкиот сообраај.

Целта на овој предлог за донесување на закон е постигнување на бараното ниво на безбедност на железничкиот сообраќај, со утврдување на посебни услови и стандарди заради овозможување на безбедност кај сите учесници во железничкиот сообраќај, согласно техничко-технолошкиот, но и идниот развој на стратешко одржување, развивање и зголемување на безбедноста на железничкиот сообраќај.

Во содржината на овој Предлог-закono вградени се препораките и директивите на Европската унија.

Исто така при изработката на предлог текстот на законот, извршени се повеќе консултации со експертскиот тим на Светската банка која финансиски ја поддржува трансформацијата на ЈП Македонски железници. Исто така извршени се консултации и со домашни експерти од оваа област.

Во Предлогот на законот предвидени се заеднички безбедносни методи врз основа на кои ќе се уредува проценка на степенот на безбедност и постигнатите заеднички безбедносни цели.

Понатаму регулирано е дека агенцијата за железнички соораќај и транспорт, при утврдување на заеднички безбедносни методи и заеднички безбедносни цели, да соработува со други државни органи, при што задолжително ќе се почитуваат препораките на Европската комисија.

Понатаму, Предлогот на законот ги дефинира условите за железнички возила, во поглед на нивно проектирање, градење, реконструирање и одржување. Дефинирани се условите за прототип на сериски произведени возила. Се утврдуваат постапките за стекнување услови за вклучување на возилата во сообраќајот, од аспект на техничкиот преглед, како и начинот и постапката на неговото вршење.

Исто така, се уредуваат постапките за користење на сериско и поединечно произведено возило во сообраќај, или земено под закуп, како и условите и начинот на вршење на технички преглед за таквите видови на возила.

Во Предлогот на законот се пропишуваат општите начини и услови за безбедно одвивање на железничкиот сообраќај, како и поблиску се определува возниот ред, неговото оформување и почитување од страна на учесниците на сообраќајот. Се пропишува неопходната опрема и услови на возовите од аспект на осветлување, загревање и обележување.

Значајни прашања што ги уредува овој Предлог на закон се условите што мора да ги исполнуваат железничките работници кои непосредно учествуваат во вршењето на железничкиот сообраќај, обврските во случај вонредни настани, посебните мерки за безбедност, што треба да се преземат, како и обврските за обезбедување заштита на железничките пруги и возила.

На крај, исто така треба да се напомене дека со Предлогот за донесување на законот се предвидени и казнени мерки за субјектите, во однос на непочитување и неспроведување на одредбите од овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господин Иванов имате збор.

**Љубисав Иванов-Ѕинго:** Јас се пријавив за претходната точка, не за оваа.

**Љупчо Јордановски:** Претходната точка ја изгласавме.

Следен дискутант што се јавува за збор е госпоѓа Цветле Јаневска.

**Цветле Јаневска:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, претставници на Владата.

Предлогот за донесување на закон за безбедност во железничкиот сообраќај е уште една регулатива во процесот на трансформацијата на железничкиот сообраќај на територијата на Република Македонија, а се со цел истата материја да се прилагоди кон економската реалност. Во оваа насока законот има интенција да се намалат трошоците во одвивањето на железничкиот сообраќај, а исто така да се направат услови за усогласување со европските норми и стандарди.

Европските директиви и препораки, битно е да се прават во областа за безбедност на сообраќајот затоа што со нив се постигнува за поблиску приклучување на железничкиот сообраќај во развиените железнички системи.

Содржината на законот е во функција на обезбедување безбедност во сообраќајот затоа што хавариите во железничкиот сообраќај можат да предизвикаат, пред се, големи човечки жртви, а исто така и материјални штети. Од тука предложениот закон сметам дека има и голема општествена улога и значење.

Регулирајќи ја оваа значајна материја, изготвувачот развил, според мене три компоненти како главни тези и со нивно расчленување и разработување сметам дека ни посочил една матрица на која можеме да се надоврземе со свои предлози за нејзино евентуално докомплетирање и подобрување на текстот.

Тоа се, пред се, изготвувачот ги разграничил во законот одредбите, основните принципи, како што се: регулирањето, управувањето и надзорот во безбедноста во железничкито сообраќај, како второ ги дрфинирал одговорностите на учесниците во железничкиот сообраќај, а под три, ја поставил развојна компонента во железничкиот сообраќај.

Важно е да се каже дека одредбите од овој закон важат како за одвивање на железничкиот сообраќај, јавен превоз на стоки и патници, а исто така тие одредби треба да важат и за превоз на патници и стоки за сопствени потреби.

Низ целиот закон сметам дека се разграничени извршителите, оние одредби што се однесуваат директно на Управителот на инфраструктурата или на превозникот од една страна, а исто така и компетенциите по однос на носителите на надзорот и управувањето, односно дали тие припаѓаат на Министерството на транспорт и врски или пак на Агенцијата за железнички сообраќај. При тоа и Управителот на железничката инфра структура и непосредните извршители во железничкиот сообраќај да утврдат безбедносен систем за одвивање на сообраќајот, согласно овој закон и другите закони.

Всушност, може да се каже дека безбедноста во железничкиот сообраќај генерално зависи од два фактора. Едниот е од техничка природа, а другиот, можеби најважен, можеби поважен и од првиот, тоа е човечкот фактор.

Обезбедувањето услови од техничка природа се однесува на железничката инфраструктура, како и правилата што треба да се востановат во врска со нив. Железничката инфраструктура што се состои од железнички пруги, станици, објекти на пругите, сигналните уреди, радио-врските, телекумуникациските и информациските системи, зградите, железничките станици и други градежни објекти на железничките станици, а се во функција на организирење, регулирање и одржување на железничкиот сообраќај се планираат, проектираат, градат, реконстуруираат, модернизираат и одржуваат така што одговараат на својата намена и да обезбедат, пред се, безбедност во сообраќајот, како и заштита на животната средина и природата во согласност со овој закон и другите закони.

При тоа сакам да потенцирам, општите технички барања за безбедносен железнички сообраќај, што треба да ги исполнува железничката инфраструктура ги пропишува Министерството за транспорт и врски, додека пак посебните технички барања, што треба да ги исполнува железничката инфраструктура, ќе ги пропишува Комисијата, како орган на Агенцијата.

Системот за врски на железничката инфраструктура мора да се планира, проектира, гради и одржува, така што да представува единствена техничко-технолошка целина и во функционирањето и користењето на железничкиот сообраќај да обезбедува безбедност.

Поблиските услови за ова ги пропишува, исто така, Комисијата, како орган на Агенцијата. Значи, учесниците во железничкиот сообраќај, уште при проектирањето на објектите треба да понудат решение за безбедно одвивање на железничкиот сообраќај, а правните лица кои ги градат и реконструираат, должни се тоа да го вршат на начин што ке овозможи исто така, безбеден железнички сообраќај. При тоа постројките, уредите, опремата што се вградува во новоизградената или реконструираната железничка инфраструктура задолжително подлежат на тестирање, во согласност со прописите за тестирање и истите можат да бидат градени само ако за нив е издаден атест за сообразност.

Од друга страна, пак, правните и други лица, во рамките на своите надлежности, учесници во одвивањето на железничкиот сообраќај, мораат да вршат и трајна контрола за безбедносно одвивање на железничкиот сообраќај, за тоа што еднаш воспоставениот безбедносен сообраќај не мора да биде и траен. Затоа, при контролите, заклучоците треба да се достават до Агенцијата за железниците и тоа временски, секој квартал во годината.

Железничките возила, како факто за безбедност во сообраќајот од технички аспект, исто така мора да се проектираат, градат и реконструираат согласно технички и други услови за безбеден железнички сообраќај и пропишаните стандарди и технички нормативи. А оние што учествуваат во меѓународниот сообраќај треба да ги задоволуваат посебните услови утврдени со меѓународните договори. Стандардите, техничките услови и нормативи на железничките возила ги утврдува Институтот за стандардизација.

Во овој дел сакам да проговорам за прототипот на железничкото возило што може да се користи во железничкиот сообраќај, само, исто така, по издадено одобрение за негова употреба, а тоа го издава Министерството за транстпорт и врски по извршениот технички преглед на прототипот од страна на Комисија, што исто така ја формира министерот за транспорт и врски.

Сериски или поединечно произведено возило или возило земено на заем или увезено возило во железничкиот сообраќај, исто така, мора да подлежи на технички преглед пред да се пушти во железнички сообраќај, во неговото одвивање. Со техничкиот преглед, при тоа, се утврдува дали таквото возило ги исполнува пропишаните норми и стандарди и исправните уреди негови и дали е способно во одвивањето на железничкиот сообраќај да обезбеди безбеднст. Ако со техничкиот преглед на возилото се оцени дека ги исполнува пропишаните услови, тогаш се издава потврда за неговата техничка исправност. Со законот е уредено овластувањето, правно, да го дава министерот за транспорт и врски, со што сакам да го искажам своето несогласување. Сметам дека, според мене, овластувањата треба да припаднат на Агенцијата, а постапката пак да ја пропишува министерот за транспорт и врски.

За постигнување безбедност во железничкиот сообраќај исто така треба да има пропишани правила, според кои треба да се одвива железничкиот сообраќај и истите треба да се почитуваат. Железничкиот сообраќај мора да се извршува на начин пропишан за одвивање на железничкиот сообраќај како единствен техничко-технолошки безбедносен систем на територијата на Република Македонија. А, условите за безбедно одвивање на сообраќајот ги препишува Министерството за транспорт и врски, додека поблиските услови за безбедно одвивање ги пропишува Комисијата како огран на Агенцијата.

Сакам да проговорам и за човечкиот фактор, како еден од битните фактори за обезбедување безбедност во одвивањето на железничкиот сообраќај.

Правните лица што вршат непосредно учество, односно имаат во одвивањето на железничкиот сообраќај треба да се грижат за своите

работници, да ги исполнуваат пропишаните здравствени, стручни и други услови за вршење на железничкиот сообраќај. Значи, за вршење на работите што непосредно се врзани со уредноста и безбедноста на железничкиот сообреќај, лицата што непосредно учествуваат треба да имаат соодветна стручна подготовка за определените занимања, како и да имаат соодветна дозвола. Условите и начинот за стекнување на стручната подготовка ги пропишува Комисијата, како орган на Агенцијата, по предходно мислење на Министерството за образование и наука. Стручниот испит го спроведува Комисија, а во неа мора да учествува и член на Агенцијата.

Образецот за добивање дозвола за вршење на работи што непосредно се врзани со безбедноста на железничкиот сообраќај, начинот за нејзино издавање, како и евидентирање на издадените дозволи, ги пропишува и издава Комисијата, како огран на Агенцијата.

На крајот, заокружувајки го својот замислен концепт на излагање, ќе кажам дека ќе го поддржам Предлогот за донесување на закон за безбедност во железничкиот сообраќај.

Благодарам за вниманието.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Мавровски, имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе.

Почитуван министре, почитувани колеги,

Еве, пред нас е Предлогот за донесување на закон за безбедност во железничиот сообраќај, за што говоревме и на Комисијата при донесувањето на Законот на железници. Министерството и покрај тоа што овие два закони, Законот за безбедност и основањето на Агенцијата за железнички сообраќај и транспорт требаше да ги има пред нас, еве, со мало задоцнување го добивме Предлогот за донесување на Закон на железници, сега пред нас е Предлогот за безбедност, што е директно поврзан со Агенцијата за железнички сообраќај и во двата закони се преплетуваат многу активности и задолженија што треба да ги реализира Агенцијата, а всушност се влезени во законот за безбедност. Така што ваквото поставување на работите на иста седница, при исто разгледување и тоа во еден момент да го донесуваме и Предлогот на законот и законот за безбедност, и законот за Агенција, мислам дека нема потреба од такво брзање. Имаше доволно време да дојдеме во ситуација во која што сме сега, во моментов.

Би почнал од нешто што деновиве е многу актуелно, се однесува директно на безбедноста на железничкиот сообраќај, а тоа е дека Коридорот 8 и Коридорот 10 повторно станаа предмет на Европската унија и анализа дали воопшто е исплатливо тие коридори 8 и 10 да се градат. За жал, после вложени толку средства, инвестиции во истите, дојдовме во ситуација во моментов некој да ја испитува економската исплатливост, за тоа што очигледно, како држава, во овие 3,5 години направивме многу малку, речиси ништо од тие пруги да продолжат да се градат. Можеби средствата се толку колку што се, но во секој случај да се надеваме дека ќе се изнајде начин да најдеме луѓе кои ќе можат да инвестираат во овој железнички сообраќај и да се помрднеме од местото на кое што во моментот се наоѓаме.

Вака, како што ни е преставен законот за безбедност, во многу членови на иститот наоѓам разбирање за тој закон. Читам и неверувам, можеби сум скептик поголем од другите, затоа што можеби единствената надеж што ја гледалм од сето ова е тоа што законот ќе треба да биде применлив од 2010 година. Сега сме 2005 година. Имаме пет години на располагање. Собранието ќе ги преземе ингеренциите со Законот за железници, според што ќе треба да се одделува од Бџетот на Република Македонија директно за железничкиот сообраќај.

Но, многу ме плаши нешто друго. Начинот на кој што во моментов функционира македонската железница може да доведе до нешто, за мене предвидено, за некого непревидено, наместо да се инвестира во развој и во она што значи техничка безбедност и сигурност во железничкиот сообраќај, нон стоп да се покриваат некои текови загуби што нормално во оваа ситуација се случуваат. Заменикот министер на минатата седница објаснуваше дека очекуваме многу поголем обрт во железничкиот сообраќај, зголемување на извозот во однос на она што значи наш извоз кон Европа. Но, јас тоа не го гледам така. Страшно е затоа што голем број од овие возови кои се сообраќаат до сега како патнички возила веќе се исклучени од сообраќај. Железничките пруги и времето кога се градени, веќе поминале 70 - 80 години, техничката сигурност е на се пониско ниво и мислам дека овие средства што се предвидени во Буџетот на Република Македонија, доколку тоа не се направи со некои концесионер кој сака да инвестира и ќе види некоја своја сигурност во сето тоа да ги врати тие пари, мислам дека Македонската железница ја очекуваат уште пострашни моменти. За жал, еве веќе 15 години говориме за една пруга што треба да се репарира и е направена, е само на 15 км од Еврапската унија, но ние сме сеуште во една ситуација кога за таа пруга, на пратеничко прашање добиваме одговор "возовите можат да се движат со 20 км на час" за да можеме да стигнеме до Европската унија.

Господо, луѓето направија возови да се движат со брзина од 200 до 300 км на час и просторот го освојуваат како никаде, значи не се работи за тоа дека железничкиот сообраќај во моментов во Европа и воопшто во светот е во некоја стагнација, туку се работи за нешто што Републка Македонијак, не може да си го дозволи. Членовите, како што можеме да прочитаме и како што предвидело Министерството да бидат,

мислам дека многу тешко се реализирливи затоа што, читајки како треба да изгледа, можеби е тоа препишано од некој закон од Европската унија, како треба да изгледа една железничка станица со подземни перони и надземни, прегради и огради како да се стигне до пероните, мислам дека веќе во Македонија, дел од Битола-Скопје, веќе се обраќаат само два возови така што и во нив дали има по 10-20 луѓе и тоа е се што функционира на тој крак. Ако тука не функционира кај што апсолутни нема ништо друго, мислам дека за другите, железничката пруга кон Кочани, кон Кичево, се во едно големо мртвило, така што тука апсолутно не функционира ништо. И безбеднста што сакаме да ја имаме или претпоставуваме дека ќе ја направиме, мислам дека претстои многу работа, за тој што ќе треба да го реализира сето ова.

Од друга страна, еден друг проблем што се јавува во овие моменти, тоа се небезбедните премини, што е основно во железничкиот сообраќај, каде се тангираат директно граѓаните на Република Македонија. Ингеренциите во однос на она што значи нивна безбедност се поделени со Управителот на инфраструкрурата на железниците и локалната самоуправа. Гледаајќи ги сите тие премини, мислам дека се од некое одамна поминато време, кога можеби постоела некоја безбедност,но во овој момент, со овој патнички сообракај мислам дека тука апсолутно нема сигурност, затоа што треба да се работи многу и да се направи многу. Но, ние и понатаму остануваме на некои добри проекти, проекти што некој ги направил, но како да очекуваме да дојде некој друг и сето тоа да го реализира, а ние да бидеме среќни дека сме дале идеа некој тоа да го направи. Како држава, тука вложуваме многу малку.

И понатаму тука ќе останеме на исто, затоа што техничката безбедност за пругите, што се стари 70-80 години, и во законот се говори за новите пруги што не знаеме и самите кога ќе почнеме и дали е исплатливо да почнеме да ги доградиме и покрај тоа што многу амбициозно тргнавме во едни проекти каде што Коридорот 8 требаше да поврзе континенти, Коридорот 10 е оној кој функционира години и векови наназад, значи сега доаѓаме во една ситуација сето ова да биде проверено точно во Македонија дали тука е исплатливо и дали може да функционира.

Од друга страна, мои генерални забелешки за законот по одредени членови, не знам дали министерството сето тоа го прифати, затоа што на Комисијата имавме некои дискусии, би повторил уште еднаш, тоа се неколку забелешки, а за другото, се надевам дека ќе најдеме сили како држава да се обидеме овој железнички сообраќај да почне да функционира како што треба да функционира.

Членот 23 став 2, телекомуникациските врски,жични и безжични меѓу работниците кои непосредно го регулираат железничкиот сообраќај мора да се снимаат.

Мојата забелешка беше дека  на крајот треба да се постави еден временски рок, термин, во кој тие треба да се чуваат. Дали тоа ќе биде 15 дена, месец дена, во секој случај, вака нема ограничување и секој може да се повика на овој член од Законот што не би било во ред.

Во членот 30-Опременост на службените места-мислам дека таа ситуацијан е катастрофална. Ако тука ги прочитам овие 6 ставови што ги предвидува Министерството, не знам дали воопшто една железничка станица, освен железничката станица во Скопје, би можела да работи, затоа што ова го немаме. Едноставно мора да има пропишани простории, направи, опрема, перони, како и други уреди што значат безбедно управување. Тука за да не се преминува преку колосеците се потребни подземни премини, челни перони, острови, поврзување со премини, надземни и подземни и мислам дека сето ова, ако прошетаме низ Републиката, а сме шетале многу, барем мала е, можеме да бидеме на сите железнички станици во Република Македонија, од ова нема ништо. Мислам дека не за 5 години, туку за наредните 25 години тешко ќе го постигнеме тоа. За жал, тоа е вистината.

Во однос на моменталната состојбата на возниот парк, можеби знаете и подобро од мене како сето тоа изгледа, дека тука ќе обезбедиме некаква температура која патниците ќе ги грее, ќе функционира.

Во членот 48 став 1, се вели: "На железничка пруга возот може да сообраќа со брзина што и одговара на техничката способност на пругата и на постројккте и уредите на пругата на која сообраќа; на способноста на железничките возила вклучени во возот како и на кочната маса на возот". Мислам дека овде треба да дефинираме што значи тоа, затоа што јас ви кажав ако добијам одговор дека возот од Меџитлија до Грција може да се движи со 20 км, на час ние имаме голем технички проблем и тука апсолутно такви пруги нема, а додуше тие и не сообраќаат повеќе од 15, 20 години, но во секој случај, доколку сакаме да направиме нешто, ова треба да го обезбедиме.

Имам една дилема во однос на членот 78 став 3 во однос на продолженото време за работниците. Се работи за железнички сообраќај, можеби понатаму ќе треба навистина да работат луѓето кои се одговорни, а железничкиот работник може да го продолжи времето најмногу до 4 часа. Тука има една дилема, бидејќи стои "под услов работникот да се чувствува способен за продолжување на започнатата работа". Ако се каже така да се чувствува способен, тоа е малку проблематично, затоа што, да не даде господ, но железничките несреќи обично завршуваат со големи материјални штети, така што неговата способност мислам дека некој треба да ја провери и да даде дозвола за истото да го работи, бидејќи продолжувањето во неделата е најмногу 10 часа.

Тука е она што ја прави мојата дилема. Самиот работник дали може да го прави тоа, затоа што во случај на несреќа да не даде господ, одговорноста не ќе може тој да ја превземе затоа што има продолжено работно време.

Ова се моите забелешки. Се надевам дека Министерството и наредните влади ќе најдат можност и начин еднаш да се заврши нешто што е започнато и да биде гордост за Република Македонија, затоа што овие пруги мислам дека се доплатени бидејќи поминале 80-100 години кон Република Франција, пругите кон Битола, она што значеше порано железнички сообраќај кон Солун, но сега сето тоа не функционира. Нашите соседи од Европската Унија, Република Грција успеа од Солун до самата граница да ја репарираат комплетно целата железница и тоа ни дава можност за развој на нашето стопанство, за развој на нашата индустрија посебно од југозападниот дел, користејќи ја оваа железница, да можеме да го реализираме превозот и да бидеме многу поблиску до Европската Унија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам, господине Мавровски.

Повелета господиме Тромбев, имате збор.

**Томе Тромбев:** Почитуван претседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Еве, скоро по два и пол месеци на седница го имаме законот за железнички сообраќај и тоа како последица на донесувањето на Законот за железници, кој што е донесен некаде на почетокот на август оваа година. Беше логично да дојде на седница и овој закон заедно со законот за Агенција за железничкиот сообраќај и транспорт, затоа што со овие три значајни закони од оваа сфера на сообраќајот се решава комплетно прашањето на железничкиот транспорт и сообраќај во Република Македонија и овие три закони претставуваат делумно усогласување на нашето законодавство со законодавството на Европската Унија. Целосното усогласување ќе го имаме со донесувањето на подзаконските акти, кои согласно Законот и член 108 од овој закон треба да се донесат во рок од една година од донесувањето законот.

Зборувајќи за железничкиот транспорт и железничкиот сообраќај, зборуваме за еден масовен превоз кој ќе биде се позначаен и во поблиската иднина, затоа што имајќи ја предвид енергијата и енергенсите, особено цената на нафтата на светските пазари, овој начин на превоз и во Република Македонија во наредниот период ќе стане се позначаен.

Пред да почнам со моето излагање, би сакал да се осврнам на некои изјави што претходниот дискутант ги имаше, а тоа е дека ова не е предлог на закон, тој постави едно реторичко прашање зошто да брзаме толку со донесување на закон, ова не е предлог на закон, ова е само Предлог на задонесување на закон,. Значи го разгледуваме во прва фаза и нашата задача е да дадеме придонес во моделирањето на самиот закон. Ова е предлог за донесување на закон што ќе продолжи во наредна фаза, се надевам во рок од 60 дена согласно Деловникот на Собранието ќе ја добиеме и конечната верзија на законот. Алудираше дека по 3,5 години се враќаат коридорите 10 и 8, добиваат значење. Коридорите 8 и 10 во сите претходни години, секој дава придонес во етаблирањето, така да кажам, на сите коридори. Можам да ви кажам слободно бидејќи учествував во еден дел во изработката на Ребис студијата, во еден дел дури немаше некои кракови. Меѓутоа, оваа Влада настојуваше во подоцнежниот период а и ден денес да имаме, ја добивте информацијата, и коридорот 10 и коридорот 8 со сите краци веќе се етаблирани и внесени во Европската карта.

Кажав и на почетокот дека ова претставува делумно усогласување со Европската регулатива, особено со три значајни директиви. Тоа се Директивата 2004/49 за безбедност на железниците, Директивата 9518 со нејзините измени и дополнувања и Директивата 2001/12 за распоредување на капацитетите на железничката инфра структура и наплатување на такси за користење на железничката инфра структура и издавање сертификати на безбедноста. Значи, подготвувачот на законот тргнал од овие три директиви кои се многу значајни, во европски рамки, а кои сега стануваат значајни и за Република Македонија.

Меѓутоа, самото усогласување на овој закон со законот за железници треба да се направи во наредниот период да биде покомплементарно, а ако тоа го разгледате во причините за донесување на законот, ќе сватите дека има едно доцнење на овој закон во однос на она што е напишано во самите причини. Вели ќе се донесе закон за железници. Веројатно овие причини се напишани многу порано. Законот веќе е донесен и веќе е излезен во "Службен весник". Исто така вели ќе престане важноста на Законот за МЖ во делот на безбедноста на сообраќајот. Тоа беа околу 80 членови кои преостанаа, со законот за железници преостанаа, меѓутоа, со овој закон се решаваат, така што во наредната фаза се надевам дека тој дел ќе се корегира.

И јас како колегата Мавровски имам неколку забелешки. На пример, на членот 3 сметам дека не му е место тука. Членот 3 се однесува на Главата 5,Правила на сообраќајот и сметам дека тука не би му било место. Потоа, во однос на дефинициите, дел од дефинициите, особено дефинициите за вонреден настан, инцидент, несреќа и сериозна несреќа сметам дека треба да бидат последователни бидејќи се работи за една иста материја. Не би навлегувал во другите дефиниции, а забелешките кои ги имам се многу мали, некои и од лексичка природа. Меѓутоа, дефиницијата за несреќа и е малку нејасна. Се вели:"Несреќа е непосакуван или ненамерен или ненадеен настан или после редица такви настани

што имаат штетни последици". Овие три збора треба некако да се усогласат и да се најде соодветен термин за соодветната дефиниција. Ако го разгледате правилно законот, ќе видите дека едните се напишани со букви, другите со бројки и тоа треба да се усогласи.

За членот 12 мислам дека и некој претходно зборуваше за општите технички барања кои ги пропишува министерот за транспорт и посебните технички барања ги пропишува Комисијата. Вообичаено во досегашната пракса, во досегашниот Закон,општите правила се пропишани со самиот Закон, не ги пропишува министерот. Треба да се размисли дали ова е соодветно решение. Ако тоа е решението што е превземено од директивите, тогаш е во ред, меѓутоа, треба да се размисли дали е соодветно решение бидејќи се работи за општи правила, на некој начин да речеме, на игра. Тука исто во Вкрстување на пруга на пат, како подглава имате нумерација и не би требало тоа да биде тука. Потоа "станичен простор" во членот 17 во заграда се дефинира "меѓу влезни и излезни сигнали", а мислам дека треба да биде "меѓу влезно-излезни свртници" и ова треба да се преиспита дали е реално, бидејќи се работи за должината на тој дел од станицата.

Во подглавата "Контрола на безбедност во железничкиот сообраќај" во членот 27 се вели:"правните и други лица во рамките на својата дејност се должни да организираат и трајно да вршат редовна контрола на безбедносното одвивање". Сметам дека во овој дел "во рамките на својата дејност" треба да се замени со " што ги одржуваат железничките пруги и железничките возила". Имам повеќе вакви забелешки, но тие сигурно во наредната фаза ќе ги корегираме.

Една од позначајните забелешки е забелешката која ја дадов и на самата Комисија, а која се однесува на роковите кои се дадени во преодните одредби, така што во членот 104 се вели: "изработката на заедничките безбедносни показатели е на 31 јануари 2007 година". Во членот 105, заедничките безбедносни методи се до 2009 година и заедничките безбедносни цели се до 2010 година. Сметам дека ова е многу добро доколку успееме како држава, меѓутоа, имајќи го предвид финансирањето на железничката инфра структура, што го имаме во Законот за железници, и тогаш дебатиравме дека премногу мали се средствата кои се одделуваат за железничка инфра структура. Мора да предвидиме во буџетот поголеми средства, бидејќи оние што останале кои се реално финансирање се премногу мали. Тогаш ја кажавме и бројката 160 милиони, што е премногу мала бројка за да ја одржуваме железничката инфра структура, а да ги задоволиме сите безбедносни цели.

Уште една забелешка и ќе завршам. Членовите од 92 до 96 се однесуваат за превоз за сопствени потреби. Сметам дека добро би било да ги одделите со посебна глава, бидејќи конкретно се работи за превоз за посебни потреби, за сопствени потреби, така што од тој аспект законот барем ќе биде експлицитен во наведувањето на обврските.

Тука да кажам дека пратеничката група на СДСМ ќе го поддржи овој закон, ќе го поддржи и наредниот закон за агенција. И таму има мали забелешки, меѓутоа, во секој случај даваме поддршка и се надеваме дека брзо ќе ги доставите овие два закони. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Тромбев.

Господине Мавровски Имате реплика, три минути повелете.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Почитуван колега Тромбев , бевте министер, можеби оваа област ви е повеќе позната.

Во однос на она што го говорев цело време за коридорите 8 и 10, јас уште еднаш ќе повторам, ќе го кажам тоа што го знам јас и што го знаат граѓаните дека меморандумите се потпишани, 2001 година за коридорот 10 и 2002 година за коридорот 8.

Јас ќе ве замолам, доколку имате информација да ми пренесете колку средства се потрошени во 2004 и 2005 година, за работење на коридорите 8 и 10.

И последната информација која имав можност да ја прочитам директно од печатот, во која се говореше дека некоја италијанска компанија веќе пројавува интерес и оваа година повторно на картата на Европа се говори за овие коридори 8 и 10, но со тоа што сега ќе треба да се направи економска оценка за она што е исплатливост на коридорите 8 и 10. Во секој случај, нивната заложба е да се изгради, но после толку години вложување, дали се доведовме во ситуација, во овие последни 2 години, ние самите да се откажеме од нешто што беше наша првична заложба и заложба во 2002 година дека тоа ќе биде завршено.

**Љупчо Јордановски:** Една минута, господине Тромбев, повелете.

**Томе Тромбев:** Благодарам претседателе,

Господине Мавровски, овие два коридори се внесени уште при Паневропската конференција во Хелсинки. Меѓутоа, во претходниот период, дел од коридорите секогаш наоѓаа место, на некој начин да се изместат работите од нивната суштина. Затоа, во студијата која е направена за Југоисточна Европа која се нарекува ребис, во првата верзија, во дравт верзијата, вие нема да ги најдете некои линкови, кои подоцна оваа Влада, кажа и од говорница, ги воведе, назад ги врати, согласно одлуките кои беа во Хелсинки. Така што во наредниот период ние треба да очекуваме да

се зголеми финансирањето на овие два, за нас, многу значајни коридори.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Глигориевски имате збор.

**Тома Глигориевски:** Благодарам господине претседателе,

Потребата од донесувањето на законот, ја кажаа и другите колеги и неспорно е дека треба да се донесе законот, со оглед на тоа што стариот Закон за Македонски железници веќе не важи и одредбите кои се однесуваат на овој дел од областа на безбедноста, исто така треба да се ревидираат.

Моите забелешки се кратки, јас мислев дека господинот Тромбев ги кажа, бидејќи ја допре темата каде што сакав да реагирам со цел да се подобри текстот, во дополнителната фаза да не влегуваме со многу амандмани, туку да добиеме еден подобар и попрочистен текст.

Првата забелешка се однесува на дефинициите кои се дадени во членот 4 и тоа не се мали забелешки како што кажа господинот Тромбев, туку има и суштински забелешки и суштински разлики во дефинициите во однос на Законот за железници кој го донесовме. Ќе дадам различни примери, управител на инфраструктура по Предлогот на овој закон е правно лице овластено за градење, одржување и управување со железничка инфраструктура. А со Законот за железници кој веќе го донесовме управител на инфраструктура е јавно, или друго правно лице овластено за управување и одржување. Значи, го нема "градење". Сега прашањето е дали управител на инфраструктура ќе биде овластено за градење, или нема да биде "градење", или уште по прост пример, ќе ги прашуваат децата во училиштата што е воз? Во едниот закон воз е прописно составена и заквачена низа, во другиот е: пропишано составена и заквачена низа на железнички, патнички и или, а по едниот е само и товарни вагони, во едниот е вагони, во другиот е коли. Значи, сите дефиниции ретко кои не се барем некако испревртени во однос на Законот кој веќе го донесовме. Бидејки ние досега да кажам имавме еден закон за Македонски железници кој беше единствен во комплетното подрачје на железници и тој Закон предвидуваше определени дефиниции, меѓутоа дефинициите во било која област беа исти и важеа за сите. Сега не може да ни се случи дека во областа на железниците три закони кои покриваа дел од областа да имаат различна дефиниција. А да биде дилемата уште поголема, следниот закон кој што треба да го донесеме Предлогот за донесување на закон за основање на Агенција за железнички сообраќај и транспорт дефинициите од а до ш се совпаѓаат со дефинициите на веќе донесениот Закон за железници. Значи, очигледно е дека, да кажам два различни службеника ги правеле овие закони и сега можеби тие меѓу себе ќе се докажуваат што е воз, а што не е воз. Јас не би сакал да навлегувам во тоа, меѓутоа да се знае една дефиниција и да биде идентична во сите три закони. Па ако е како дефиниција поисправна нешто што е во овој Предлог на закон веднаш да се реагира и да се исправи во веќе донесениот Закон за железници, ако се утврди дека таму е понеисправна дефиницијата. Меѓутоа, кога ќе бидат на сила трите закони мора да важат исти дефиниции.

Втората забелешка ми е што да кажеме во законот, следниот закон што е за основање на Агенција, има дефиниција интероперабилност која вели, значи исполнување на сите регулаторни, технички и оперативни услови на железнички системи заради овозможување на безбедно и непречено движење за возови. Значи дефиниција која определува безбедност, а воопшто ја нема во Законот како поим во Законот за безбедност на железничкиот сообраќај. Не ми е јасно зошто, меѓутоа ако веќе како дефиниција има некоја интероперабилност најпрво треба да биде објаснето во Законот за железнички сообраќај што значи тоа и на што се однесува.

Следната забелешка која би сакал да се провери уште еднаш, има време Министерството со своите стручни служби до донесувањето на Предлогот на законот да провери во членот 4 под дефиницијата 25 вели: маса на возило по должен метар е масата на празно, или натоварено возило, железничко возило поделено со должината на возилометри мерено од чело до чело искажана во килоњутни по должен метар. Јас како што знам, маса на возило, маса како маса единица е килограм, или евентуално тон. А ако веќе се оди на килоњутн, тоа е веќе сила и масата треба да се помножи со земјиното забрзување заокружено за да се дојде до некоја сила, или некоја инерција. Инаку маса како маса да се изразува во килоњутни, барем мене ми е нелогично. Истото се однесува и за точката 34 по основ оптоварување. Оптоварувањето како оптоварување, како сила може да се изразува во килоњутни, меѓутоа не може, тоа е вика масата на празно, или товарно железничко возило поделено со делот на оските изразено во килоњутни по оска. Исто така, кога купуваме маса, или на секое возило, на вагон, или кола вели, тежи толку килограми, не тежи толку њутни. Има разлика меѓу маса и сили. Но, можеби нешто во меѓувреме се променило. Министерството убаво да провери, бидејќи се однесува на дефиниции кои ја диктираат безбедноста, за да не се рече утре, шината можела да го издржи тоа оптоварување на маса по метар, или не можела да го издржи тоа оптоварување.

Последната забелешка која произлегува од праксата, а се однесува конкретно на безбедноста на сообраќајот, ова што се случува во изминатите десетина дена каде што овластени служби во Македонски железници велат дека пругите се безбедни, а самите машиновозачи по весници кажуваат дека ќе ја намалуваат брзината на

возовите за 10 километри до 0, затоа што пругите биле небезбедни. Јас незнам дали се безбедни, дали не се безбедни. Има стари закони за безбедност, има прописи, меѓутоа и со овој нов закон ми се чини треба да предвиди во таква практична ситуација да дефинира кој ги пропишува мерките за безбедност. Меѓутоа, што во една ваква ситуација кога еден орган вика, бидејки тоа со профункционирањето по новиот закон управител, јавно претпријатие Македонски железници, Агенција, значи има повеќе функции, еден ќе вика дека се безбедни пругите, друг ќе вика дека се небезбедни и што да прават патниците? Значи некој треба врз основа на една таква ситуација да ги утврди фактите и одговорно да потврди дека пругата е безбедна за сообраќај, или не е безбедна.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Глигориевски.

Има збор пратеникот Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе. Колегите пред мене доста кажаа и за потребата од донесување на законот за безбедност во железничкиот сообраќај и за проблемите кои што ги имаме со Македонските железници, посебно со инфраструктурата во железничкиот сообраќај. Јас тука нема многу да се задржам, би сакала сосема накратко да кажам одредени забелешки по самиот текст на законот и се надевам дека во наредната фаза ќе бидат земени во предвид.

Прво ќе почнам од членот 4 во кој што се дефинирани поимите. Во точка 16 стои дека железничко подрачје е површината на земјиштето на кое се наоѓаат железнички пруги, објекти, постројки и уреди кои служат за вршење на железничкиот сообраќај. Сметам дека овде треба да се додаде и "пружниот појас" за да биде комплетна дефиницијата, бидејки терминот железничко подрачје по своето значење е поширок поим и во себе треба да го содржи и пружниот појас.

Понатаму, во членот 15 зборува за тоа дека пат не може да се гради во пружниот појас. А во ставот 2, дека по исклучок во ридски и тешки терени во клисури и на други слични конфигурации на терен и во населени места растојанието меѓу железничката пруга и патот кој нема својство на автопат може да биде помало и од 8 метри под услов да не се допираат слободните профили и меѓу нив да можат да се поставаат сигнално сигурносни уреди, телекомуникациски уреди, стабилните постројки на електровлеча и други уреди неопходни за безбедно одвивање на сообраќајот. Сметам дека ставот 2 треба да се брише. Пружниот појас се определува со техничка документација, истиот е составен дел на железничката пруга и е во функција на самата железничка пруга, тој е во функција на стабилност, на сигурност, на самиот труп на пругата и е во функција на безбедноста на сообраќајот. Теренските услови не смеат да бидат причина за изградба на јавен пат во пружниот појас, бидејки со тоа ќе се загрозува безбедноста и на патот и на пругата, со што ќе се девалвираат целите на законот кој што сакаме да го донесеме. Од тие причини сметам дека треба да отпадне точка 2, односно ставот 2 од членот 15.

Понатаму, беше спомнато и од колегата Мавровски и од колегата Тромбев за членот 30. Во членот 30 се зборува за опременоста на службените места. Помеѓу другото во ставот 3 и 4 се вели дека во железничките станици на двоколосечна и повеќеколосечна железничка пруга пристапите во возовите мораат да бидат изведени така што патниците да не преминуваат преку колосеците, значи, да се направат подземни премини, челни перони и друго. И став 4 дека стојалишта на двоколосечни и повеќеколосечни железнички пруги мораат да имаат перони поврзани со премини под, или над пругата. Јас мислам дека треба многу сериозно да се размисли, дали треба да стојат овие два става. Во претходниот Закон кој што беше изгласан имавме членови со одложена примена. Овде се вели дека законот треба да важи комплет после 2010 година. Меѓутоа, се сомневам дека за 5 години во Република Македонија со инфраструктура досега што ја имаме и на самите железнички станици, на железничката пруга можеме да направиме и подземни премини и челни перони, значи да ги исполниме сите услови кои што се предвидени овде во законот. Степенот на искористеност на железничката пруга сметам дека нема да дозволи економски да биде неоправдано и навистина невозможно да се направат стојалиштата на двоколосечните и повеќе колосечните железнички пруги да мораат да имаат перони поврзани со премини под, или над пругата. Значи овие решенија се преземени од европското законодавство, меѓутоа колку Република Македонија може да ги исполни и да направи законот навистина да биде применлив после 5 години, да не мора да се менува законот, или пак да произлегуваат импликации од самите членови, бидејки изричито вели дека мораат да бидат изведени на начинот како што е кажано во овие два става.

Понатаму, членот 88 зборува за заштитата на железничката инфраструктура и на возилата. Во ставот 1 се вели дека пристап и движење на лица и патни возила во пружниот појас се дозволени само на определените места. Став 2, дека лицата кои во рамките на своите работи и работни задачи треба да извршат определени работи освен железничките работници треба претходно да добијат писмено одобрение од управителот на инфраструктурата за времето и условите под кои можат да ги извршат тие работи. А во ставот 3 се вели дека по исклучок одредбите на ставот 2 од овој член не се однесуваат на припадниците на Министерството за внатрешни работи и на Армијата на Република Македонија, ако во вонредни, или итни случаи треба да извршат определени службени дејствија, или пристап во

пружниот појас да се движат на тоа подрачје и на места што не се предвидени за тоа. Сметам дека овде треба ставот 3 да се дополни со текст кој што ќе предизвика обврска на органите на Министерството за внатрешни работи и Армијата на Република Македонија да бидат должни да го известат управителот на инфраструктурата за дејствијата кои што треба да ги изведуваат на железничката пруга, односно во пружниот појас околу железничката пруга, се со цел да не се случат некои несреќи , или некои работи кои што не се пожелни да се случат, а управителот на инфраструктурата сметам дека мора да биде известен за дејствувањето и на Армијата и на Министерството за внатрешни работи.

Понатаму, членот 98 зборува за тоа дека државниот инспектор за транспорт и врски врши надзор над состојбата на железничките пруги. Значи, алинеја 1 од ставот 1 сметам дека овде треба да се додадат и зборовите дека Државниот инспекторат за транспорт и врски врши надзор не само на состојбата на железничките пруги туку и на превозните средства и сигнализационо комуникациската опрема. Доколку државниот инспектор за транспорт и врски врши надзор само на состојбата на железничките пруги, тогаш остануваат два значајни сегмента, а тоа се превозните средства и сигнализационо комуникациската опрема кои што остануваат непокриени со неговите активности. Заради тоа сметам дека треба да се земат во предвид дополнувањата кои што ќе дадат една целосна и посеопфатна дефиниција на надзорот на државниот инспектор за транспорт и врски.

Ставот 3 од членот 98 зборува дека Државниот инспекторат за транспорт и врски може да овласти стручни лица од други тела и установи, односно други правни лица да вршат поедини работи во врска со инспекцискиот надзор, ако за нивното извршување е потребна посебна стручност или опрема. Овој став 3 предлагам да се брише. Ваква одредба не е одржлива бидејки ваков став е инкопатибилен со нашиот правен систем, односно такви овластувања може да има само министерот. Од тие причини сметам дека ставот 3 на членот 98 треба да се брише. Значи, со овие забелешки кои што сметам дека треба да бидат земени во предвид од Министерството во наредната фаза на изготвување на законот се со цел да добиеме еден закон за безбедност во железничкиот сообраќај кој што ќе може да биде и применлив, не само да биде усогласен со европското законодавство, туку сепак да ги земе во предвид и спецификите во Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Констатирам дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Ги молам пратениците додека го читам заклучокот да влезат во салата за после да преминеме на гласање.

Заклучокот е следен.

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за безбедност во железничкиот сообраќај.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за безбедност во железничкиот сообраќај при што ќе ги има во предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за транспорт и врски.

Пред да го ставам предложениот заклучок на гласање, ги повикувам уште еднаш пратениците да влезат во салата.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници. (Службите ги пребројуваат пратениците).

Нема доволен број.

Минуваат минути на чекање.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 64 пратеника, гласале 58, сите 58 гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 16. - Предлог за донесување на закон за основање на Агенција за железнички сообраќај и транспорт.**

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за транспорт и врски господинот Џемали Мехази.

Повелете господине министре.

**Џемали Мехази:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, имајќи во предвид дека до сега во железничкиот сообраќај на Република Македонија постоеше само едно Јавно претпријатие Македонски железници, кое го вршеше железничкиот сообраќај и транспорт во рамките на единствениот техничко-технолошки систем. Не постоеше можност и потреба од формирање на независен орган за вршење на оваа дејност. Таков орган постоеше во облик на заедница на Југословенски железници пред осамостојувањето на Република Македонија, по што е основано ЈП Македонски железници.

Со донесувањето на Законот за трансформација на ЈП Македонски железници и очекуваната потреба од постоење на повеќе субјекти во вршењето на железничкиот транспорт неопходна е потребата од формирање на независно регулаторно тело или орган за оваа дејност. Неговото неформирање може да овозможи нарушување на односите на железничкиот транспортен пазар помеѓу субјектите кои ќе ја обавуваат оваа дејност.

Од аспект на безбедноста на сообраќајот со очекуваните промени по трансформацијата на ЈП Македонски железници можат да се појават неконтролирани или неусогласени мерки во одвивањето на железничкиот сообраќај и транспорт од страна на учесниците кои можат да ја загрозат безбедноста на патниците, стоката, инфраструктурата и превозните средства.

Усвојувањето на овој Предлог за донесување на закон ќе овозможи формирање на независен орган во вид на Агенција за железнички сообраќај и транспорт, чија дејност ќе биде во функција на безбедноста на железничкиот сообраќај и воспоставување и одржување на либерализиран железнички транспортен пазар.

Со текстот на законот се уредни повеќе прашања како што се статусот на Агенцијата, нејзиниот делокруг на работа и надлежностите, одговорноста за работата на Агенцијата и органите на Агенцијата.

Имено, се предлагаат органи на Агенцијата да бидат директор на Агенцијата и Комисија која се состои од пет члена кои се именуваат на четири години од страна на Собранието на Република Македонија, на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Исто така, во законот е пропишан начинот на работата и одлучувањето на Комисијата и нејзините надлежности. Утврден е начинот на избор на директорот, неговите надлежности и начинот на избор и разрешување на директорот.

Регулирани се односите на соработка со другите државни органи и тела, начинот на обезбедување на податоците, евиденцијата, чувањето на податоците, како и пристапот до документацијата што ја води Агенцијата.

Значајно е да се истакне дека финансирањето на Агенцијата ќе се обезбеди од надоместоци, приходи од издадена документација и давање на стручни услуги, како и од други средства.

Почитувани пратеници, Законот исто така го регулира прашањето и за отпочнување со работа на органите на Агенцијата.

Потребно е да укажеме дека при изработката на Предлог текстот на законот извршени се битни консултации со експерти од тим на Светската банка, како и на домашни експерти, изградени се директивите на регулативите на Европската Унија. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине министре.

Има збор пратеникот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Почитуван потпретседател, почитуван министре, почитувани колеги, еве еден по еден доаѓаат двата закони, значи сега го имаме Предлогот за донесување закон за основање на Агенција за железнички сообраќај и транспорт.

Забелешките кои ги имавме на претходниот закон, мислам дека и тука стојат, затоа што уште во самите причини поради кои се донесува законот имате наведено, на крај, согласно Предлог законот за железници, повторно имавме моменти, кога законот за железници е донесен пред овие два закони, но во секој случај еве ова што го слушнавме како објаснување од ваша страна дека Агенцијата при донесувањето на овој закон и при формирањето на членовите од Законот се консултирани многу европски стручњаци кои ги дале своите забелешки и дале прилог во донесувањето и изградбата на овој закон. Но, знаете и на самата Комисија за транспорт, врски и екологија, се загатнаа повеќе проблеми, се загатна нешто што можеби еве ќе се најде решение, сигурно ќе се обидете да го најдете најдоброто решение кое ќе ни биде понудени о за кое понатаму ќе поразговараме, така што овој закон за основање на Агенцијата за челезнички сообраќај и транспорт ќе биде многу подобар.

Овој пат не би сакал многу да должам и покрај тоа што гледам господинот Тромбев се уште пресметува колку пари се потрошени за 2004 и 2005 година за коридорите, но во секој случај би сакал она што го поставивме како предуслови тоа е членот 8 став 8 и членот 12 став 4. Првиот е начинот на кој се бираат членовите на Комисијата, која е составена од пет члена каде буквално стои за претседателот и членови на Комисијата се избираат лица кои се државјани на Република Македонија и имаат завршено високо образование од областа на техничките науки, правото и економијата, со работно искуство над пет години и со посебно знаење и искуство од областа на железничкиот сообраќај и транспорт.

Истото ова важи и за избирањето на директорот, значи членот 12 став 4 со посебни знаења и искуство од областа на железничкиот сообраќај и транспорт.

Мојата дилема и тогаш и сега останува иста и покрај тоа што се обидовме да најдеме едно заедничко решение, но дилемата е дали луѓето што треба да бидат бирани ќе бидат директно од Македонски железници затоа што ајде за техничките науки кажавме дека има факултети каде се обучуваат дел од овие технички науки и можеби се во предност во однос на останатите членови, но правото и економијата со работно искуство мислам дека директно ќе треба да ги бираме луѓето од областа на железничкиот сообраќај, значи моментално вработени во

Македонски железници. Или овој дел комплетно да отпадне или да се бара само работно искуство од 5 години на кое ќе можат да конкурираат апсолутно сите. Начинот на кој некој ќе треба да го привери сето тоа, мислам дека ќе биде многу потежок и одредени луѓе се ставаат во надредена положба во однос на останатите кои ќе се јават на конкурс.

Во членот 9 став 2 стои Комисијата на состаноците работи со кворум од три члена. Бидејќи се работи за пет члена, овој кворум од тројца члена апсолутно нема да биде во можност да донесува решение затоа што таквите решенија би требало да ги донесува едногласно и тоа е повторно прашање затоа што ако се состануваат еднаш месечно, мислам дека може да се најде начин овие луѓе да работат заедно значи со пет члена да функционира оваа комисија затоа што нивната задача е сепак многу посериозна од ова што некој од трите члена можат да донесат одлука. Има и други услови кои самите ги пропишувате така што дали ќе бидат тие услови исполнети од Законот за да можат тројцата да се состанат.

Понатаму, во истиот член 9 во ставот 7, претседателот и членовите на Комисијата имаат право на месечен надоместок и надомест на други трошоци утврднеи со Статутот на Агенцијата. Јас мислам дека Статутот на Агенцијата го донесува самата комисија и тука секогаш се јавуваат проблеми во сите вакви агенции кои се формирани или комисии кои ги формира Владата, значи, никогаш не се дефинира од прилика, ајде за нови агенции каде имаме некои сознанија како истите функционираат во Европската Унија, да имаме некоја паралела колкав би бил бројот на вработените во таа Агенција и од друга страна ова што мислам дека е полесно месечниот надоместок, месечниот надоместок апсолутно треба да се стави во функција на некој коефициент со кој овие агенции би работеле.

Вака кога се дозволува и има можност Комисијата сама да го определи месечниот надоместок и да го формира Статутот на организацијата, мислам дека понатаму не можеме никого ниту да окривиме, ниту да бараме некоја одговорност.

Во членот 10 став 1 алинеја 6 каде зборува за надлежноста на Комисијата, ја пропишува висината на надоместокот од издавање на дозвола за превоз, дозвола за управување со железничка инфраструктура. Јас мислам дека уште на старт ова треба да биде дефинирано за да може да се знае затоа што имаме концесии и дефинирање на работи кои некој утре треба да ги плаќа и треба да се најде начин како истото ќе биде дали со формула, како што има во некои други Агенции или фиксен надоместок по километар, но во секој случај треба да постои нешто што ќе ги дефинира овие работи и ќе се знае за вкупниот надоместок.

Понатаму, во членот 13 каде се говори за надлежност на дирктороt став 1, алинеја 2, донесува одлуки по прашања за кои не одлучува Комисијата. Мислам дека треба ова да го дефинираме и да знаеме за што може директорот сам да одлучува, а притоа Комисијата да не може да одлучи за таква ситуација. Значи на старт треба да дадеме на знаење што е тоа за кое ќе одлучува директорот, а што е она без што Комисијата не може да му даде дозвола на дирктороt.

Во контекст на ова е и алинеја 7 од овој став значи, назначува лица за раководини места во Агенцијата, јас поставувам едно прашање дали тоа треба да добие потврда од Комисијата која ја гледам тука на некој начин како управен одбор, бидејќи го бира директорот на Агенцијата или директорот ќе ги земе тие права за себе.

Понатаму, членот 15 - Организација и вработување во Агенцијата, пред малку говорев за ова, значи, членот 15 став 2, во Агенцијата да се формира стручна служба за вршење на работи кои се определуваат со Статутот на Агенцијата. Внатрешната организација и начинот на работата на стручната служба поблиску се уредува со актите за организација и систематизација на работите и задачите, водејќи сметка за соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите етнички заедници. Тука повторно дилемата, затоа што внатрешната организација со статус, како што кажав, апсолутно не дефинирана ситуација во која Комисијата, по Статутот, може да донесе одлука стручна служба која се префрлува на регулаторната комисија која започна со 10,18, сега 60, можеби утре ќе им треба и 120 луѓе кои ќе ја работат таа работа или обратно да се почне со 120, па некој после тоа да донесе одлука дека се потребни само 10 луѓе за функционирање на таа Агенција.

Значи, ова на старт треба да го елиминираме затоа што кажав, постојат начини за споредба и начини за дефинирање кој за што е одговорен и кој што може да направи.

Во членот 20 обезбедување на податоци, јас не би се сложил тука апсолутно со ставот 1 алинеја 6, каде што стои "превозникот и управителот на инфраструктурата се должни на агенцијата да и стават на располагање информации и финансиски податоци и тоа алинеја 6, анализа на пазарот". Доколку, покрај сите финансиски известувања што се бараат од некој што ќе биде управител на инфраструктурата или превозникот, кој што понатаму знаеме дека може да биде приватно лице, вие да побарате од него и анализа на пазарот, при што во најмала рака може да биде злоупотребено или употребено од други субјекти кои ќе работат на оваа проблематика. Мислам дека не е коректно и ова апсолутно би требало да отпадне од овој член 20, став 1 алинеја 6.

Исто така, во истиот член ставот 2 "информациите кои што ги бара агенцијата треба

да бидат оправдани, засновани на разумна основа и пропорционални на целта за која ќе бидат употребени". Тука мислам дека се работи за многу лош превод, дека ова е препишано од некаде, но апсолутно не соодветствува и која е целта. Толку е широко, толку е неупотребливо што апсолутно за мене како став или треба да биде избришано или пак треба да се најде начин како да биде дообјаснето и допрецизирано. Затоа што, кого вие ќе убедите дека тие информации треба да бидат оправдани, разумна основа, а за разумна основа во техника мислам дека не станува збор и треба да се знае зошто и како е прецизно сето тоа. Исто така и пропорционално на целта за која ќе бидат употребени. И тука имаме недефинирана комплетно реченица, така што ова или треба да се преработи комплетно, да се најде начин или пак вака како што стои, апсолутно е некорисно во овој член за обезбедување на податоци, а тоа е членот 20.

Мојата последна забелешка во однос на членот 23 каде што имаме финансирање, сметководство и ревизија на агенцијата. Тука е многу добро, кажавте пред малку, дека агенцијата ќе се финансира од надоместок за издавање на дозволи и решенија, 4% од надоместокот за користење на железничка инфраструктура, приходи од издадена документација од членот 22 од овој закон, камата за сопствените депозити и доцнење при плаќање, приходи од давање на стручни услуги, средства и од други извори. Јас имам забелешка на алинеја 3, риходи од издадена документација од член 22 од овој закон, затоа претходниот член 22 дава еден широк спектар на побарани услуги. Значи, тука сосема треба да дефинираме некои работи, затоа што едно е да побарате карта од еден локален регион или само од едно место на некој железнички јазол и друго е да побарате карта на железницата од цела Република Македонија. Ако тоа се плаќа исто, мислам дека дефинитивно не е во ред и дека тука треба да направиме нешто т.е. да се дефинира. За оваа документација, пошто имате повеќе од седум ставови, истите ставови ќе може да се најде начин истите да бидат дефинирани, барем од прилика да можеме да знаеме што значи употребата или барањето на дозвола или документ од агенцијата, која што треба да ја издаде и колку средства би чинело сето тоа.

Јас се надевам дека и оваа агенција ќе најдете начин, еве и овие забелешки да бидат вградени, да се најде правиот систем и правиот начин на формирање на агенцијата уште во старт и службата која што треба да работи во неа, за да не дојдеме во ситуација само да биде како биро за вработување или нешто кое што нема да ја исполни целта.

На крајот на краиштата овие закони се премногу сериозни. Рековме дека Република Македонија мора да се движи во таа насока и затоа и ги носиме овие закни. Се надевам, мојата поддршка ќе ја имате и мислам дека овие забелешки ќе успеам да ги видам вградени во законот. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Мавровски.

Има збор пратеникот Лалчевска Ристана.

Повелете госпоѓа Лалчевска,

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе.

Дозволете ми сосема накратко да го изнесам, прво, своето лично мислење, а со тоа и мислењето на Либералната партија по однос на овој закон.

Имено, Владата врз основа на усвоениот акционен план за трансформација на Јавното претпријатие Македонски железници, Собранието донесе Закон по предлог на Владата за трансформација на Јавното претпријатие Македонски железници, со што тоа се подели на два субјекти. На јавно претпријатие за железничка инфраструктура и акционерско друштво за транспорт. И во периодот на донесувањето на Законот за трансформација на железницата, Либералната партија застана на ставот дека е погрешно одбран моделот за трансформација на Јавното претпријатие Македонски железници и сеуште стоиме на тој став. А, со оглед на фактот дека овој закон за основање на агенција за железнички сообраќај и транспорт, произлегува токму од Законот за трансформација на Јавното претпријатие на Македонски железници, нема да дадеме поддршка на овој Предлог-закон од причини што остануваме на ставот дека модалитетот за трансформација на железницата е сосема погрешен. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам Госпоѓа Лалчевска.

Има збор пратеникот Бонева Силвана.

Повелете госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Јас нема да се повторувам со колешката Лалчевска и да потсетувам каков беше ставот на ВМРО-ДПМНЕ во однос на трансформацијата на Македонски железници. Кажа колешката како тогаш реагиравме како опозиција, меѓутоа, сега сосема накратко ќе се осврнам на законот за основање на агенција за железнички сообраќај и транспорт. Сметаме дека овој Предлог-закон практично ги воведува директивите на Европската унија во нашето законодавство во сферата на контролата на работењето на двете новоосновани фирми од областа на железничкиот транспорт, превозот и инфраструктурата од страна на независно регулаторно тело. Ова тело има задача да го надгледува и да учествува во развојот на железничкиот транспортен пазар.

Во однос на основните начела на кои се базира законот за железници, за независнот и автономност на раководителот на инфраструктурата и раководителот на

транспортот т.е. раководителите на транспортните фирми, што е главно начело на директивите на Европската унија, од директивата на Европската унија 91/440, истите во овој закон не се почитувани. Доколку има било какви преплетувања на ингеренциите во однос на раководењето со инфраструктурата и агенцијата за железнички сообраќај, тогаш главната улога на агенцијата како контрола на автономно донесените одлуки од страна на управителот на инфраструктурата, не може да се постигне. Значи, и со овој Предлог-закон се сака да се направи трансформација на железницата, ама по терк кој што ќе го оптруира основното начело и целта на трансформацијата. Затоа и ни се случува веќе донесените закони да не можат да имаат позитивни резултати при нивната практична примена. Сметам дека при предлагање на закони, посебно од областите со кои што сакаме или сме обврзани да се усогласиме со европското законодавство, треба да пристапиме со доследно почитување на духот на тие закони, без намера со наша модификација да ја измениме суштината на законот.

Сосема накратко, конкретно по членовите ќе дадам забелешки. Имено, во членот 5 каде што се зборува за делокругот на работата на агенцијата за железнички сообраќај и транспорт, мислам дека треба да се изврши измена. Во ставот 1, во ставот 3, алинеја 1 вели дека агенцијата во рамките на својот делокруг на работа ги има следните надлежности. Учествува во донесувањето на одлуките од страна на урпавителот на инфраструктурата на ефикасен, недискриминиран и транспарентен начин, развива конкуренти и либерализиран пазар. Овде, наместо да се каже дека агенцијата учествува, сметам дека треба да стои агенцијата го следи донесувањето на одлуките од страна на управителот на инфраструктурата. Зошто сметам дека треба таква промена да се направи. Од причини што предложената одредба, што значи агенцијата да учествува во донесувањето на одлуките, се коси со уставното начело на одговорност потенцирано и од директивите од Европската унија за автономност во одлучувањето на раководителот на инфраструктурата. Агенцијата може да се јави, меѓутоа само коректив на автономното делување на автономно донесените одлуки од страна на управителот на инфраструктурата, особено по забелешка на некој од превозниците што е регулирано и во точка 16 од овој ист член. Значи, ако е направена, во случај само ако е направена дискриминација при наплата на надоместокот за користење на инфраструктурните капацитети.

Понатаму, во член 11 се зборува за разрешување на претседателот и членовите на Комисијата. Дека Собранието на Република Македонија по предлог на Комисијата за прашања на избори и именувања на Собранието, може да го разреши претседателот и членот од Комисијата пред истекот на мандатот на негово барање ако е осуден со правосилна судска одлука, ако неоправдано отсуствува на тие состаноци, во случај на смрт. Меѓутоа, не стои никаде дека ако направи повреда на одредбите или прописите или направи злоупотреба на функцијата, како што тоа е дадено во членот 14 и каде што се предвидени случаите за разрешување на директори и таму постои една алинеја 5, која зборува за тоа дека директорот ќе биде разрешен во случај доколку направи повреда на одредбите или прописите донесени врз основа на овој закон или злоупотреба на функцијата. Сметам дека алинеја 5 од членот 14 треба истата содржина да биде ставена и во членот 11 како алинеја 5 за разрешувањето на претседателот и членовите на Комисијата. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници,

На Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за основање на Агенција за железнички сообраќај и транспорт.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за основање на Агенција за железнички сообраќај и трансорт, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за транспорт и врски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 57 за, 1 воздржан, 5 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 17-Предлог за донесување на закон за странците.**

Предлогот за донесување на законот, Извештајот на Комисијата за одбрана и безбедност и дописот на Законодавно-правната комисија ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Збор има заменик министерот за внатрешни работи.

Повелете.

**Фатмир Дехари:** Почитуван претседател на Собранието, почитувани пратеници.

Дозволете накратко да ги образложам причините за Предлогот за донесување закон за странците.

Потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и европските заедници и нивните земји членки од друга страна, со која Република Македонија презема обврска да настојува да обезбеди компактибилност на своите закони со законите на Европската заедница, ја имплицира потребата од анализа на постојните законски решенија во областа на миграцијата и оцена на степенот на нивната усогласеност во европските стандарди и правила.

Движењето и престојот на странците во Република Македонија позитивно-правно во овој момент е регулирано со Законот за движење и престој на странците. Извршените анализи за компактибилност на одредбите од постојниот закон за движење и престој на странците со европските стандарди и правила во областа на емиграцијата, ја алармира потребата од донесување на нов закон, со кој ќе се нормираат условите од кои странците можат да влезат, да престојуваат и да ја напуштат територијата на Република Македонија, а во кои ќе се инкорпорираат меѓународните инструменти, стандарди и правила.

Покрај наведеното, стратешка определба на Република Македонија за постигнување на полноправно членство во Европската унија, во себе ја имплицира потребата од хармонизација на националното законодавство со меѓународните стандарди и правила, како и со легислативата на европските земји во областа на миграционата политика.

Основната заложба кон која се пристапи при изготвување на предложениот закон, се состоеше кон изградување на миграционен систем, кој е се приближи кон стандардите на шенген договорот, во кој се вградени највисоките демократски придобивки на европските земји.

Со оглед на комплексноста на наведеното прашање, а со цел изградување на ефикасна правна регулатива која има тенденција да претставува брана за илегалната миграција, покрај шенген договорот и бројните резолуции, препораки на Советот на Европската унија, користени се и компаративните искуства на Кралството Норвешка, Република Словенија, Република Бугарија и Република Хрватска. Меѓутоа, во корелација со спецификите и правниот систем на Република Македонија.

Содржински предложениот закон е поделен на две тематски целини, општи одредби, влез на странци и напуштање на државата, визи, престој на странци, протерување и присилно отстранување на странец, патни и други исправи на странци, докажување на идентитет на странец, пријавување на живеалиште и престојувалиште, постапка и правна помош, евиденции, казнени одредби, преодни и завршни одредби. Со погледот за донесување на закон за странци, се настојува на јасен начин со предвидување на експлицитни одредби да се дефинираат условите за влез на странец во Република Македонија, а во кој ќе се инкорпонираат принципите вградени во Конвенцијата за имплементирање на шенгенскиот договор од 14 јуни 1985 година, како и предлогот, прописот на Советот за воспоставување правилник на заедницата за движење на лица преку граница од 26.05.2004 година.

Остварувањето на основната цел да се изврши хармонизација на визниот режим на Република Македонија со земјите на Европската унија како и констатираната несогласност во тој поглед ја наметна потребата од напуштање на досегашното законско решение и воспоставување на сосема нов вид на визи на Република Македонија чие дефинирање и класификација е извршена согласно Шенгенскиот договор и општите конзуларни упатства за визи на дипломатско-конзуларните претставништва на договорените страни на Шенгенскиот договор.

Истовремено овој закон ја нормира и постапката на издавање на визи започнувајќи од самото поднесување на барањето на странецот, како и јасно дефинирање на органите кои се надлежни за издавање на визите.

Тргнувајќи од претпсотавката дека утврдувањето на условите под кои може да се издаваат дозволи за престој претставува важен сегмент во заложбата за изградување на ефикасна брана од илегална миграција како неминовна се наметна потребата од нови законски решенија во однос на издавањето на дозволите за привремен и постојан претстој, а во кој се вградени насоките од бројните директиви и резолуции на Советот на Европската Унија.

Со предложениот закон истовремено се воведуваат квалитативни измени во определувањето на поимот на странската патна исправа и условите кои треба да ги исполни за да се смета за важечка, а чие дефинирање е извршено согласно текстот на министрите од 11 јуни 1992 година за непррифатливост на патните документи.

Со цел заострување на казнената политика во областа на илегалната миграција со предложениот закон покрај прекршоците се предвидуваат и кривични дела со кои се санкционира помагањето на странецот недозволено да влезе, транзитира, или незаконито претстојува во Република Македонија.

Почитувани пратеници со Законот се предлага и негова одложена примена што е неопходно со оглед дека имплементацијата на одредбите на наведениот закон е условена од спроведување на проектите за формирање на визниот центар во Министерството за надворешни работи, техничко опремување на гранична полиција на

Министерството за внатрешни работи со опрема која треба да овозможи откривање на лажни и фалсификувани пасоши, како и поврзување на границите, граничните премини на Република Македонија со визниот центар Министерството за надворешни работи, пропишување на базата на податоци за странци во Министерството за внатрешни работи и нејзино поврзување со граничните премини, формирање на прифатниот центар за странци на Министерството за внатрешни работи, изработка на исправите предвидени со предвидениот закон во кој ќе бидат инкорпорирани највисоките стандарди и средства за заштита.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Витановски повелете имате збор.

**Јанаќе Витановски:** Благодарам претседателе,

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Денеска пред нас пратениците е Предлогот за донесување на закон за странците, кој предлог го поднесува Владата на Република Македонија која го утврди на својата седница од 9 септември и бара ние пратениците да го разгледаме овој закон на Собрание.

Пред се сакам да го поздравам носењето на овој закон од причина што ни е потребен ваков закон, а уште повеќе што законот се носи по редовна постапка. Секогаш сум се залагал законите да ги носиме барем во две фази и мислам дека тоа е добро. На тој начин ќе се обрне многу внимание од сите пратеници, од експертите, од стручните лица, од јавноста и ќе дојдеме до квалитетен текст на закон, закон кој што ќе биде применлив во праксата.

Денес треба да расправаме по Предлогот за донесување на закон за странците и да ја утврдиме неговата потреба од донесување.

Сакам да истакнам дека има потреба од донесување на овој закон, а и текстот кој што го предлага Владата на Република Македонија е квалитетен и добар. Мислам дека има место за измени и дополнувања по оваа фаза на расправа во Парламентот.

Потребата од донесување на овој закон произлегува од нашата определба и цел влез во Европската унија, а за таа цел неопходно е нашето законодавство да го усогласиме со европското законодавство од оваа област.

Во Република Македонија прашањето за условите за движење и престој на странци во Република Македонија и сега е уредено со Законот за движење и престој на странците кој е донесен 1992 година, но времето оди напред и затоа повеќе не ги задоволува стандардите и критериумите на влез, престој и излез на странците востановени во законите на земјите членки на Европската унија.

Од тие причини за поцелосно приближување кон европските стандарди и правила во областа на емиграцијата произлегува потребата од донесување на нов закон во кој ќе се нормираат условите под кои странците ќе можат да влегуваат, да престојуваат и да ја напуштаат територијата на Република Македонија.

Текстот на законот кој го предлага Владата за мене е доста квалитетен текст и текст кој ги содржи меѓународните страндарди, инструменти и правила. Во законот се содржани и стандардите на Шенген договорот, директивите на Советот на Европската унија, како и користени се доста конвенции, резолуции и препораки на Советот на Европската унија.

Исто така, го поздравувам и потегот на Владата за користење на компаративни искуства од нашите соседи, а пред се од Република Словенија, Република Хрватска, Република Бугарија и Кралството Норвешка, со тоа што тие искуства ќе ни бидат нас од полза за донесување на еден квалитетен закон.

Од горенаведеното уште еднаш потенцирам дека ја поддржувам потребата од донесување на овој закон.

Во однос на содржината на Законот сметам дека Законот кој што има 12 глави и 158 члена ги има опфатено сите области кои се неопходни за регулирање на оваа материја, пред се од влезот на самите странци, напуштање, престој, ги регулира визите како и протерувањето на странците и тн.

Во однос на одложната примена на Законот од една година од денот на неговото влегување во сила имам една забелешка и прашувам дали тоа може да биде шест месеци од причини што се надевам дека ние за една година ќе ги почнеме преговорите за влез во Европската унија а дотогаш да бидеме спремни со овој закон, односно да се формира визниот центар во Министерството за надворешни работи, технички да се опреми граничната полиција, да се поврзат граничните премини со визниот центар, да се формира прифатниот центар за странци во Министерството за внатрешни работи, да ги изработиме пасошите, а веќе заврши тендер и мислам дека тоа можеме да го направиме за рок од 6 месеци, а не рок од една година, а со цел да покажеме дека за оваа област сме спремни како држава.

Сега би дал свој коментар за неколку члена од Законот.

Значи, со овој закон се уредуваат условите за влез, напуштање и престој на странци во Република Македонија, како и нивните права и должности.

Странците за време на нивниот законски престој во Република Македонија ги имаат истите права и обврски како и државјаните на Република Македонија освен ако не е уредено поинаку со закон.

Врз основа на европските стандарди Законот сега го допрецизира поимот странец. Сега странец е

лице без државјанство, односно лице кое ниедна држава по сила на својот закон не го смета за државјанин, односно странец во смисла на овој закон е лице кое не е државјанин на Република Македонија.

Во однос на контролата на движење и престој на странци во Република Македонија тоа и понатаму ќе го врши Министерството за внатрешни работи.

Во однос на влезот на странците во Република Македонија Законот го нормира прифатениот меѓународен принцип странците да можат да влегуваат и да ја напуштаат државата само на одредени гранични премини и во време и на начин во согласност со намената на граничните премини.

Странецот кој законите влегол во Република Македонија кога ја преминал државната граница и по извршената гранична контрола на граничниот премин му е дозволен влез во Република Македонија. Секое друго влегување е незаконито и казниво.

Понатаму, Законот во членот 11 ги има разработено и усогласено со европските стандарди условите за влез во Република Македонија и јасно се разграничени општите услови за влез на странец со посебните услови за влез на одредени категории на странци.

Сметам дека е добро тоа што се разграничени општите од посебните услови за влез во Република Македонија. Тоа е една добра работа и мислам дека на овој начин ќе се знае кои се општи, кои се посебни услови за влез на странците во Република Македонија.

Како илустрација би ги наброил побитните општи услови за да влезе странец во Република Македонија.

Како општи услови е странец да има важечка и признаена патна исправа, пасош; да има важечка виза доколку е потребна; да има средства за издржување; да има документ за патничко осигурување и документ што ја оправдува целта на посетата. Овие се побитни општи услови кои треба да ги исполнува странец за влез во Република Македонија.

Понатаму Законот ги разработува сите општи услови за влез во Република Македонија кои што треба да ги поседува некој странец кој што сака да влезе во државата.

Исто така, во посебните услови за влез Законот предвидува за лица до 18 години, влез на странец со дозвола за престој, странец со дипломатска или службена лична карта, влез со колективен или семеен пасош.

Битна новина во Законот се визите кои се усогласени со Шенгенскиот договор. Порано се издаваа влезна, излезна и транзитна виза, сега Законот прецизира и дефинира што е тоа виза и ги определува видовите на виза. Добро е тоа што Законот определува изрично дека со издадена виза странецот неможе да се вработи, да работи и да врши самостојна професионална дејност на територијата на Република Македонија.

Во членот 30 утврдени се следните видови на визи и тоа имаме аеродромска, транзитна виза, транзитна виза, виза за краткорочен престој и виза за долгорочен престој.

Законот определува дека транзитната виза ќе му се издаде на странец доколку има обезбедено влез, односно виза во државата во која ќе влезе од Република Македонија, а најмногу може да се задржи до пет дена, а рокот на важеење не може да биде подолг од една година. Значи, транзитна виза може да добие секој странец доколку веќе има обезбедено влез и виза во другата држава во која треба да помине од Република Македонија.

Визата за краткорочен престој е со рок на важење до една година а странец не смее да биде подолго од три месеци во текот на секој шестмесечен период сметајќи од денот на првото влегување.

Виза за долгорочен престој се издава за еднократен влез во државата со право на престој до 30 дена со рок на важење до 6 месеци.

Овие визи, транзитната виза и виза за краткорочен престој до 30 дена законот предвидува, и тоа е добро дека може да се издадат и како групни визи, а таа група би била од најмалку 5, а најмалку до 50 лица.

Понатаму законот го уредува прашањето за изддавање на визите и Законот го прецизира барањето за издавање на визи кое се поднесува до дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во странство и условите за издавање на визи кои треба да ги исполнува странецот за да добие виза.

За издавањето виза одлучува Министерството за надвроешни работи, а визита ги издава дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во странство, но виза може да издава и граничната полиција на Министерството за внатрешни работи на граничен премин.

Законот понатаму ја определува и формата и содржината на визата за што смета дека е во ред и немам забелешки, таа е усогласена со европското законодавство.

Една битна работа која што ја регулира законот во Глава 4, тоа е регулирањето на престојот на странците.

Престојот на странец во смисла на овој закон може да биде престој до 3 месеци, престој врз основа на дозвола за привремен престој и престој врз основа на дозвола за постојан престој.

Дозвола за привремен престој мора да има странец кој има намера да остане подолго од три месеци. За добивање на оваа дозвола законот ги определува причините за издавање на дозвола, како и условите кои треба да ги исполни странецот. Сега новина е тоа што треба да има и здравствено осигурување и мислам дека е добро

и е сосема во ред и е усогласено со европското законодавство, да се бара и здравствено осигурување.

За барањето на странецот за издавање на дозвола за привремен престој во Република Македонија одлучува Министерството за внатрешни работи со решение, а му се доставува преку дипломатското конзуларно претставништво на Република Македонија во странство каде странецот поднел барање.

Дозволата за привремен престој се издава за вработување, работа, за школување, за студирање.размена на ученици, на студенти, за специјализација, за стручно усовршување, истражување, лекување на болни, склучување на брак, хуманитарни цели и тн.

Новина во законот е тоа што сега предвидува дека нема да се издаде дозвола или да се продолжи дозволата ако има сомневања дека бракот е склучен по договор. Тоа е добро и вакви примери во наредните периоди нема да ни се случуваат.

Битна новина во законот и правото на престој врз основа на дозвола за престој, постојан престој кое е усогласено со директивата на Европскиот совет каде што е утврдено дека лица кои поседуваат дозвола за постојан престој треба да им се дозволи правен статус е приближно еднаков на правниот статус на граѓаните на таа држава ако законски и континуирано престојувале на нејзината територија во период од пет години. Тоа е директивата на Европскиот совет и оваа директива е преточена во овој закон, во членот 84 според кој дозвола за постојан престој ќе се издаде на странец кој најмалку пет години непрекинато престојува на територијата на Република Македонија врз основа на дозвола за привремен престој. Со тоа е напуштено старото решение за кое услов за стекнување на ова право беше три години непрекинат легален престој во Република Македонија.

Дозволата за постојан престој ја издава Министерството за внатрешни работи и тоа лично на странецот на кој се однесува доколку ги исполнува предвидените услови во членот 86, а ги има истите права како и државјаните на Република Македонија.

Во Главата 5 се регулирани протерувањето и присилното отстранување на странец. Во овој текст на законот се напушта досегашниот термин "откажување на престој" и се употребува терминот "протерување" што е усогласен со законодавството на Европската унија.

Изречената мерка протерување значи забрана за повторно влегување на странец во Република Македонија кое неможе да биде пократко од 6 месец ниту подолго од 5 години. Надлежен органн за донесување на ова решение, за протерување на странец од Република Македонија е Министерството за внатрешни работи, а причините за протерување се наведени во членот 98 и се сосема во ред и се усогласени со законодавството на Европската унија.

Во однос на тоа што се смета за патна исправа во смисла на овој закон не се отстапува од досегашните решенија на претходниот закон, каде е утврдено дека патна исправа е странска патна исправа со пасош и патна исправа за странец.

Во однос на докажувањето на идентитетот на странец е на товар на странец и тој треба да го докаже својот идентитет со патна исправа пасош на државата чиј државјанин е и со патна исправа за странци со дозвола за престој, дипломатска и службена лична карта која содржи фотографија од која може да се утврди неговиот идентитет.

Странецот е должен на барање на овластено службено лице да покаже документи за идентификација.

Кога против странецот е покрената постапка на странецот ќе му се обезбеди исто така и правна помош.

Заради обезбедување на податоци за состојбата и движењето на странците, како и за документите кои им се издаваат Министерството за внатрешни работи води евиденција. Тоа е должно да ја води, и ја водеше и досега и исто така останува во законот за внатрешни работи да води евиденција за движењето на странците.

Законот содржи казнени одредби за кои немам забелешки и се во ред.

За успешна примена на овој закон потребни се и подзаконски прописи кои треба да ги донесе министерот за внатрешни работи и министерот за надворешни работи во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон и се надевам дека подзаконските акти ќе бидат донесени во дадениот рок, а со тоа законот ќе има целосно примена во пракса.

Од се ова што го кажав досега почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Влдата мислам дека овој Предлог на закон ќе добие поддршка. Јас го поддржувам донесувњето на овој закон, ќе гласам за потребата на овој закон, а се надевам дека и колегите пратеници ќе го поддржат овој закон и ќе дадат свое видување во однос на што поквалитетен закон.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господинот Томиќ, 8 минути дали ви се доволни? (Да).

Повелете.

Има збор пратеникот Зоран Томиќ.

**Зоран Томиќ:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владта,

Она што го кажа министерот во своето експозе, како и колегата Јанаке Витановски и кој детално се задржа во поглед на одрадбите од законот за странци, во интерес на времето и на самата расправа, нема да се повторуваме, меѓутоа би

сакал да се задржам на неколку аспекти кои, по мене, се исклучитолно важни токму за овој закон.

Како прво, ја поздравувам самата идеа за ностњето на законот за странци, бидејќи и последната измена од 2002 година, иако на некој начин се обиде да не приближи кон законодавството на Европската унија, лично сметам дека требаше токму еден ваков закон да се донесе, со сите оние измени од основниот текст од 1992 година. Добра е забелешката на колегата Китановски, можеби е предолг рок од една година за стапување во сила. Меѓутоа, затоа е прва фаза, да се даде како забелешка. Она што посебно би сакал да напоменам во однос на текстот и што мислам дека држи место за корекции, се следниве работи:

Во поглед на одрадбите од членот 98 и членот 99, каде се зборуваше за тоа како може странецот да има привремен престој итн., мислам дека тие одредби, станува збор за протерување, тоа е Глава 10 од законот. Лично сметам дека тие одредби треба да се изедначат, без оглед што во членот 99 станува збор за лица кои уживаат посебен правен статус и таму се предвидува казната да биде, доколку му биде изречена правосилна пресуда, три години. Лично сметам дека треба да остане исто, една година, бидејќи кривично дело е кривично дело, без разлика дали се однесува тоа на граѓанин странрец кој стекнал постојан престој во Република Македонија, или лице кое ужива одредени погодности. Тоа е едната моја забелешка.

Втората забелешка е во делот на казнените одредби, бидејќи последните случувања во Република Македонија, а посебно овие денови, укажуваат дека се поголем е бројот каде наши домешни државјани на нелегален начин поматаат за незаконски влез и престој на странци, се залагам за построга казнена политика во тој дел. Тука веќе држи, тоа се членовите 144 и 145 од предложениот закон, да се замени не со парична казна или казна до една година, туку да биде ефективна казна затвор, токму заради последните случувања што ги имаме во Република Македонија.Инаку навистина станува збор за ретко квалитетен закон. Не е прв пат Министерството за внатрешни работи да изготви навистина еден квалитетен закон и посебно ме радува што оди во редовна постапка, за да можат и пратениците амангмански да интервенираат.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Голомеов имате збор.

**Благоја Голомеов:** Благодарам претседателе.

Би сакал само на кратко, се со цел за поефикасна расправа, особено кога се предлагаат вакви квалитетни законски решенија и кога законите се носат во една нормална процедура, што подразбира најмалку две фази, со што се отвараат можности,стручната и компетентната јавност да даде одредени свои сугестии, ако ништо повеќе, со одредени финеси да го подобри законскиот текст, се со намера неговата операционализација да биде што е можно поефикасна.

Јас сакам од името на пратеничката гурпа на ЛДП, навистина да го пофалам овој предлог на закон. Јасно е дека повеќе од потребно е донесувањето на овој закон, бидејќи на многу наврати се покажа дека последниот Закон за движење и престој на странци во Република Македонија и покрај неговите неколку дополнувања, некореcподира со она што преставува европско искуство, а тоа е една од причините поради која имаме и прилично ригиден визен режим со она што преставува развиена Европа. Токму носењето на еден ваков законски проект кој не само што го прилагодува нашето законодавство кон Европското, туку и претставува добра основа за борба против илигалната емиграција, што претставува еден од основните предуслови што мораме да ги исполниме, ако сакаме полабилен визен режим. Во овој закон се инкомпорирани, како што веќе беше и кажано, сите норми и стандарди од Шенген договорот, многу резолуции и препораки од Советот на Европа. Мене ме радува тоа што при изготвувањето на овој закон се консултирани, пред се и меѓународни организации кои се занимаваат со оваа проблематика, а тоа е Интернационалниот центар за развој на миграциона политика, потоа Канцаларијата на ОБСЕ, лоцирана во Скопје. Исто така Канцаларијата на УНХЦР. Ако добро се погледнат нивните забелешки ќе се види дека тие фактички немаат суштински забелешки на постојното законско решение кое во целост кореcподира со она што значи Европа, меѓутоа е прилагодено на нашите потреби, нашите можности, нашиот правен систем. Така што, овој предлог на закон треба комплетно да се подржи и се придружува на господинот Томиќ, една година сметам дека е преголем период, особено кога се има ваков квалитетен законски текст. Мислам дека треба да ја забрзаме постапката, да го донесеме овој закон, бидејќи, уште еднаш напоменувам, според мене, покрај квалитетните патни исправи, претставува еден од основните предуслови или претпоставки за добивање на полиберален, полабилен визен режим кој и те како им е потребен на граѓаните на Република Македонија.

Се на се, пратеничката група на ЛДП ќе го подржи предлогот за донесување на закон за странци.

**Љупчо Јордановски:** Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.Гласањето ќе го реализираме по паузата. Продолжуваме во 15 часот.

(по паузата седницата продолжи со работа во 15,01 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Службите нека го утврдат бројот на пратеници.

(службите го утврдуваат бројот на пратениците)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

(пратеници влегуваат во салата)

Сега сме точно 61 пратеник.

На Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за странци.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за странците, при што ќе ги има предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

64 пратеници гласале од 64 присутни, сите гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 18 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и дописите на Законодавно-правната комисија и на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и Мислењето на Владата на Република Македонија ви се доставени односно поделени.

Ве потсетувам дека, согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови на присутните пратенивци, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓо Којзеклиска повелете, имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Група пратеници го поднесе законот за изменување и дополнување на Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија со Предлог на закон и тоа како точка дојде конечно на денешнава седница. Конечно после неколку денови расправа на оваа седница.

**Љупчо Јордановски:** Да бидеме објективни.

**Марија Којзеклиска:** Добро претседателе, разбравме што сакате да кажете, да бидеме прецизни.

**Љупчо Јордановски:** На првата седница веднаш го ставив на дневен ред. Не чекав пет седници па "конечно" да биде.

**Марија Којзеклиска:** Конечно како точка на дневен ред, почитуван претседателе точка 18. Дали сме сега јасни и прецизни?

**Љупчо Јордановски:** Може без тоа конечно.

**Марија Којзеклиска:** Може, ама не мора. Еве, јас велам конечно 18-та точка дојде на дневен ред.

Премногу е сериозен законот, почитувани колеги, за да можеме да се фатиме за збор дали е конечно или не е конечно.

Причините поради кои што го предложивме овој закон се следниве:

Со прогласувањето, односно со донесувањето на Аамандманот 8, конкретно, од сите амандмани што следеа после Рамковниот договор, се замени членот 48 од Уставот на Република Македонија, со што се создадоа законски услови за да можат припадниците на заедниците да имаат право слободно да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и особености на своите заедници и да ги употребуваат симболите на својата заедница.

Републиката ги гарантира етничкиот, културниот, јазичниот, верскиот идентите на сите заедници.

Како резулатат на сето ова, Владата на Република Македонија, според нејзино лично убедување дека овој Закон е обврска од Рамковниот договор, меѓутоа јас сеуште сметам дека не е обврска од Рамковниот договор туку е резултат на политички консензус помеѓу двете политички партии СДС и ДУИ, го предложи и ова Собрание го усвои Предлогот на закаон за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија.

Сега малку да ве потсетам на тоа како течеше расправата. Неможев да ги донесам сите стенографски белешки што постоеја и по текстот на законот и по амандманската расправа, меѓутоа колку што ме држи мене мемомријата, а веројатно и вас, многу, од сите пратенички групи кои партиципираат во Собранието на Република Македонија посебно имаше амандмани на членот 2, ставот 2 од Законот за употреба на знамињата, каде што беше дефинирано под знаме итн.

Значи и од СДС и од ЛДП и од ВМРО-Народна и од ВМРО-ДПМНЕ имаше поднессено амандмани токму на тој член. Како што можете да видите, ако сте го виделе Предлогот на закон, всушност ги содржи сите оние амандмани што ние, како група пратеници, ги поднесовме и за кои сметаме дека апсолутно не беа потребни во самиот текст на Законот, како што беше предложен од Владата. После неколку денови убедување, Министерството за правда даде еден шминкерски амандман што стана составен дел на текстот на

законот, меѓутоа суштинскиот дел не се промени во Предлогот на законот за употреба на знамињата, за што сметаме дека е една од причините и за поднесување на овој Предлог за изменување и дополнување на Законот и да се вметнат токму оние амандмани што беа поднесени од пратениците.

И тогаш укажувавме, почитувани колеги, дека примената на овој закон нема да оди така како што некои од колегите во расправата зборуваа дека ќе ја дава реалната ситуација, дека конечно Албанците ќе го прифателе државното знаме, што сметам лично дека на албанците ништо и до сега не им пречеше да го прифатат државното знаме на Република Македонија, такво какво што е за свое знаме. Се кажуваа многу работи во делот на почетокот на употребата на знамето на албанците, не знам од која година датирало нивното убедување дека ова знаме е знаме на албанскиот народ и дека албанскиот народ ќе го употребува ова знаме додека постои.

И тогаш расправавме и сега, албанскиот народ во Република Албанија може да бара какво знаме сака, кое знаме сака да си го користи, меѓутоа почитувани колеги, се работи за употреба на знаме на заедница во друга држава, не во Република Албанија.

Инаку, да ве потсетам и нешто друго, ако сакате да ја обновите меморијата, државното знаме на Република Македонија го сменивме 1993 или 1995 година  под притисок на меѓународната заедница и под притисок на Република Грција. До ден денешен, некои од нас не се согласуваат тоа знаме да биде знаме на Република Македонија, меѓутоа сите ние, како државјани на оваа држава сметавме дека треба да останеме лојални на тоа знаме какво што беше изгласано, односно променетото знаме. И ние, до ден денес, се придржуваме на тие одредби.

Но не можам да ги разберам интенциите или размислувањата на колегите албанци и граѓаните на Република Македонија, односно државјаните, државјани на Република Македонија кои се албанци, дека тие упорно инсистираат знамето на туѓа држава на Република Албанија, да биде нивно знаме и да го достигне рангот,  она што најкарактеристично за овој закон, интенцијата која беше највероватно на предлагачот дека треба да се стави знак на еднаквост меѓу државното знаме на Република Македонија и знамето на туѓа држава кое припадниците го избрале за свое знаме. Јас не можам да ги разберам припадниците на  албанската заедница дека не можат да сватат дека тоа знаме - уште еднаш ќе повторам - е знаме на туѓа држава и од она што имавме прилика да го гледаме и слушаме од колегите пратеници, никакви отстапки не смеат да постојат ни со точка, ни со запирка, ни со прашалник, ни со извичник на тоа постојно знаме за да биде обележје на припадниците на заедниците кои се албанци во конкретниот случај. Нормално дека овој закон се поднесе токму заради нив, заради албанската заедница во Република Македонија, никој не ги ни спомна останатите заедници. Она што го велеа колегите дека тој закон ќе станел лесно прифатлив за сите, искрено да ви кажам до сега не видов дека тој закон е лесно прифатлив, освен што паралелно со државното знаме на Република Македонија во единиците на локалната самоуправа, како и во градот Скопје, таму каде што се градоначалници припадниците на албанската заедница, значи паралално со државното знаме се вее и албанското знаме. Многу од колегите укажуваа на тоа дека странските делегации ког адоаѓаат не знаат во која држава се наоѓаат, дали во Албанија или се наоѓаат во Македонија и тоа е така,  за жал.

Ние како пратеници кои го поднесовме овој Предлог за изменување и дополнување на Законот бараме во членот 2 да се забрани, всушност да не може тоа знаме да биде знаме на друга држава. Во членот 3 од постојниот Закон бараме да се бришат зборовите "јавниот, службениот и приватниот живот", на што и тогаш укажувавме дека нема апсолутно логика да се прави посебна глава за употреба во јавниот, приватниот и службениот живот. Поднасловите кои постоеа во законот сакаме да ги избришеме, затоа што апсолутно не кореспондираат со логиката на правото. Понатаму бараме, покрај знамето на Република Македонија постојано да се истакнува значи знамето на Република Македонија, а пред овие објекти да може да се истакне и знамето на таа заедница. Бараме псотојано да се истакнува знамето на Република Македонија во членот 6 од Законот, и покрај нив да може да се истакне знамето на таа заедница.

Бараме членот 7 да се измени и да гласи дека припадниците на заедниците во Република Македонија, покрај знамето, може во приватниот живот да го употребат и знамето преку кое го изразуваат својот идентитет и особености, согласно членот 2, кое не смее да биде знаме на туѓа држава.

И во членот 8, за да ги немаме тие компликации кои постојат во Законот кој сеуште важи, до колку не се усвои овој Предлог за изменување и дополнување, во однос на начинот на поставување на знамето бараме јасно и прецизно да се каже, во единиците на локалната самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедницата, кои се мнозинство во таа единица на локалната самоуправа, кога знамето на Република Македонија се истакнува заедно со знамето на единцата на локалната самоуправа и други знамиња, тогаш знамето на Република Македонија се истакнува на прво место од левата страна, одалечено два метри, повисоко за еден метар и со поголема димензија од знамето на единицата на локалната самоуправа и другите знамиња.

Оваа формулација, почитувани колеги, е преземена од постојниот Закон за употреба на

знамето, грбот и химната на Република Македонија. Значи, не сме измислиле ништо, иако некој се смееше кога велевме два метри лево, два метри десно, кога расправавме по Предлогот на Владата. За жал, ова Собрание Законот го изгласа и за жал истиот стапи во сила, но ние се трудиме малку да го поправиме тоа со она што беше и тема на претходната расправа, а тоа се амандманите кои беа поднесени од нас како пратеници.

Сметам дека, почитувани колеги, бидејќи секој втор збор ни е Европска унија или европска интеграција, оваа наша европска интеграција не треба да значи дека ние треба да бидеме држава без сите обележја кои постојат во нормалните земји, знаме, грб и химна. Не треба да бидеме некоја аморфна маса и да прифаќаме секакви предлози кои доаѓаат, а ќе повторам, кои не произлегуваат од Рамковниот договор, иако колегите тука не убедуваа дека согласно точка 7.1 од Рамковниот договор, кој веќе е преточен во измените на Уставот односно во членот 48 од Уставот на Република Македонија.

Заради создавање на клима на лојалност, почитувани колеги, ама на сите граѓани во Република Македонија, не само на едни, така што Македонија за еднида биде мајка за други маќеа, значи заради создавање клима кон сопствената држава и државните симболи кои треба сите ние да ги почитуваме, еден од симболите е знамето. Притоа, ќе повторам, почитувајќи го правото на слободно изразување на идентитетот и особеностите на заедниците, ама не на штета на сопствената држава, бараме со овој закон да бидат допрецизирани прашањата или да се доуредат прашањата кои се однесуваат на употреба на знамињата. Можеби требаше да се донесе и закон за знамињата, не за употреба на знамињата туку закон за знамињата на националностите, тогаш требаше да имаме дебата за тоа како треба да изгледа знамето на било која националност која постои во Република Македонија и која е определена со Уставот, но Владата избрза за да влеземе побрзо во Европската унија , па го предложи овој закон и тој беше усвоен од овој Парламент. Меѓутоа, почитувани колеги, сметам дека од практичната примена на овој закон се наметнува потребата за преуредување на досега воспоставеното негативно искуство при примената на законот за употреба на знамињата на заедниците, кое од друга страна, да ве потсетам, постоеше и до сега, само сега е валоризирано и ефектуирано во закон, затоа што на сите митинзи кои ги држеше албанската заедница ние не видовме знаме на Република Македонија, така што од телевизиските преноси како да беа митинзите од политички партии во соседна Република Албанија. Со самото тоа албанската заедница индиректно укажува дека таа воопшто нема намера да го почитува ниту македонското знаме ниту македонските симболи, да не ги набројувам сега пак.

Од сите тие причини, почитувани колеги, ние како предлагачи го предложивме овој текст за изменување и дополнување на Законот за употреба на знамињата. Не знам колку ќе ви допре до ушите ова што го зборувавме, со оглед на фактот дека и на претходната седница која траеше не знам колку дена - претседателот е прецизен, тој ќе каже - со амандманската расправа не успеавме да ве убедиме, затоа што имавте цврсто зацртан пат по кој требаше да се мине, ни лево ни десно не смеете да гледате, мораше Законот за употреба на знамињата да се донесе, иако по шести пат ќе кажам дека е надвор од Рамковниот договор. Од тие причини барам од вас да размислите кога ќе дојде времето за гласање како да се гласа за овој Предлог за изменување и дополнување на Законот за употреба на знамињата.

Инаку, дополнително секако ќе се јавам за збор и да дообјаснам нешто што не е јасно на колегите од Парламентот. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Џелили, имате реплика?

Повелете три минути.

**Агим Џелили:** Благодарам господине претседател.

Почитуван аколешке Којзеклиска, изгледа вашите солзи за законот за симболите нема да престанат. Нема проблем, кога сте во тесно, од душевен аспект, слободно можете да предложите измена на овој закон, меѓутоа, за мене да кажам. Верувам дека ова прашање е уредено со Законот за симболите, кој е во општа употреба и е уредено со Закон токму од страна на Собранието. Република Македонија ја чека многу позитивни закони кои треба да се усогласат со законите на Европската унија, а ние настојуваме и тежнееме кон Европската унија. До колку не, тогаш кажете, нема причина зошто да се стеснувате. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута госпоѓо Којзеклиска, повелете.

**Марија Којзеклиска:** Ако се стеснував, немаше да бидам предлагач на овој закон. Не знам колегата, иако е доктор, дали може да ја оцени мојата душевна состојба, моите солзи кои ги ронам за овој закон. Меѓутоа, да го корегирам, не е закон за симболите донесен во Собранието, туку е Закон за употреба на знамињата на заедниците.

А со она постојано укажување дека овој закон ќе не однесе кон Европска унија, оној закон ќе не однесе во Европска унија, јас верувам претседателе и сите останати колеги дека ќе се согласите дека од таквото одење во Европската унија ние си останавме тука сеуште на Балканот. Дали ќе отидеме - здавје нека е, ќе разбереме.

**Љупчо Јордановски:** Јас не се согласувам со вашата констатација.

(Реакција на пратеничката Којзеклиска со зборовите "Ќе се согласите").

Ќе видите, ќе видиш.

Повелете господине Караџоски, имате збор.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, значи не за така долго, повторно го имаме законот за употреба на знамињата на националностите или на заедниците во Република Македонија на дневен ред. Сега веднаш некој ќе се запраша зошто повторно, зошто сега и зошто пак. Одговорот ќе ви го кажам веднаш: сега и повторно, и пак и секогаш ќе го истакнуваме она за кое сметаме дека апсолутно не држи вода, просто кажано или апсолутно нема аргументи со кои може еден закон како што се донесе овде во Собранието да опстои така како што е.

Ние како политичка партија и како пратеничка група настојуваме и ќе настојуваме со сите средства кои што ни стојат на располагање, мислам на правни средства, не зборувам за некакви други средства, да ве убедиме вас, да ги убедиме граѓаните на Република Македонија и меѓународната заедница дека овој закон кој ние го предлагаме е токму закон кој треба да биде применет во Република Македонија во согласност и со Рамковниот договор, во согласност и со меѓународните стандарди. До колку ваков закон донесовме, односно до колку се почитуваа нашите ставови, нашите амандмани сигурно денес немаше да ги имате на дневен ред со овој и ваков закон. Тогаш, почитувани колеги, се зборуваше многу, се кажуваше многу и се би било добро до колку во таа фаза се завршеше со оној познат сон на претседателот на Собранието, меѓутоа, очигледно сонот не бил сон, стана јаве и ние денес во Република Македонија имаме фактичка состојба, која кога ќе ја погледнеме ќе видиме навистина со какви одредби односно со каков закон се соочуваме. Еве, почитувани колеги, деновиве имавме празник, државен празник 11 Октомври, денот на востанието во Република Македонија, денот кога пукнала првата пушка, односно се кренал гласот против окупаторот и нормално, по такви поводи и такви празници логично и согласно Закон, согласно овој и други закони, се истакнуваат знамиња каде што е истакнато државното знаме како препознатлив белег на граѓаните на Република Македонија. Се знае дека тој ден е некаков празник. Во Прилеп не е проблем, нормално, беа истакнати знамето на Република Македонија и ние сите си го почувствувавме празникот, како што е нормално да биде празник и т.н. Меѓутоа, еве, денес доаѓам во Скопје, нормално влегувам како што влегувам, дојдов од каде што доаѓаме сите, и гледам најмалку три знамиња. Сите се во црвена боја, едното е државното знаме сонце со краци, другото е црвено со двоглав орел и третото беше некое знаме кое треба да го одбележи знамето на градот. Моја среќа беше што поминав низ неколку општини на градот, каде веројатно беше истакнато знамето на градот Скопје, но ако поминев во некоја друга општина можеби ќе беше истакнато некое знаме на град да речеме Тирана, Атина, се зависи од тоа колку етнички припадници имаме. И да не заборавиме, покрај тие три знамиња, се вее уште едно знаме, а тоа е знамето на Европската унија, кое сите ние толку многу го љубиме и сакаме, но за жал, тие не не сакаат. Тоа е еден многу убав колорит кога ќе погледнете, значи најмалку 4 знамиња се веат на еден јарбол. Моја среќа е или моја среќна околност што јас сум граѓанин на Република Македонија, Македонец, тука сум се родил, тука живеам еве 43 години и што мене ваквите чудни појави веќе ми се станати нормални, така што јас знам кое е државното знаме, кое е знамето на етничките заедници и т.н. Меѓутоа, запрашајте се дали по повод празникот кога ќе дојде некој од надвор кој не е Македонец, односно не е граѓанин на Република Македонија, дошол со некоја странска делегација, некој гостин што сака да го одбележи празникот, па дури и некој наш иселеник кој пред многу години заминал од овде, затоа што ние во меѓувреме сто знамиња сменивме и сигурно тој кога заминал не ни знаел дека вакво знаме може да има, ставете се во една таква ситуација кога ќе влезе еден таков човек и кога ќе погледне во тие јарболи дали нема логички да се праша па чиј празник ние славиме, на која држава. Затоа што е многу очигледно дека и албанското знаме и македонското знаме стојат на исто место со иста големина. Тоа се знамиња на две суверени држави. Како можеме да ја направиме разликата и да му објасниме на тој човек кој што се нашол во забуна? И да му кажеме, како можеме сега да му објасниме: човече, ти не го познаваш нашиот менталитет, нашите услови, дека сме ние една категорија на граѓани која никаде ја нема во светот освен овде, дека сме една аморфна маса која кој како дојде така не убеди и ни направи овде каша-попара и од Устав, и од закони и од се живо, па и од закон за знамиња и дека сме навикнати да преговараме за се и сешто, па дури и за името на државата.

Тоа веќе ни стана навика. Како сега нему ќе му објасниме дека е ова знамето со сонце и толку краци, дека е тоа државното знаме на Република Македонија, знаме под кое се идентификуваат сите граѓани на Република Македонија, знаме кое го означува суверенитетот на државата итн. Како? Веднаш ќе ни го постави прашањето, па зошто до него се вее знаме на друга суверена држава кое во исто време е знаме на Република Албанија, со иста големина, на исто место стојат, двете заедно се веат. Како да го објасниме тоа? Ние ќе се потрудиме, во Република Македонија постои Рамковен договор по едно ниво повисок и од Уставот, постои една етничка заедница која што има 25% жители, но доминира како да има 125, постои меѓународна заедница која не убедува како треба да прифатиме се она што никаде го нема итн. И бидете сигурни дека сето тоа наше убедување, како што сега јас ве убедувам,

дека тоа нема да вроди со плод, затоа што човекот ќе биде во чудо, во бунило. Просто ќе каже, добро, господине вие кажувате вака, дајте ми еден пример за полесно да сватам. Покажете ми еден пример во светот, во Европа каде што велиме сакаме да имаме рамноправно членство каде што има ваква ситуација. Значи, покрај државното знаме да се вее и знаме на друга држава која во исто време е суверено знаме на таа држава. Дали има некаде така, а тоа да биде белег на етничката заедница која припаѓа во Република Македонија како национално, односно знаме на националност. Нема таков пример, како да му кажеме кога нема.

Во претходната расправа одредени колеги од албанската заедница пробаа да не убедат дека некаде има, измислија две земји, јас ги заборавив и кои беа, едната мислам беше Романија за да на крај потоа се убедиме сите дека не постоеле такви држави. Не спориме ниту ние како партија, но ниту како пратеничка група дека закон за употреба на знамињата на етнчките заедници треба да има и тоа не е спорно. Не е спорно и во Рамковниот договор ако некој се договорил да има такво знаме за да го изразат белегот, идентитетот етничките заеднци. Тоа воопшто не беше спорно ниту во моментот на договарањето, ниту денес. Но, спорно е зошто тоа знаме да има белег на знаме на странска држава, зошто да биде со иста големина на иста позиција, на исто место покрај знамето на државата кое е државно знаме. Зошто? Што треба тоа да каже. Ви го кажав примерот по повод празникот. Што треба да покаже? Подеднаков суверенитет, треба да покаже дека Република Македонија е федерација, или треба да покаже дека е бинационална држава? Очигледно таа е намерата. Оттука почитувани колеги, ако се прашувате зошто ваков закон? Токму заради тоа да го спречиме она кое очигледно се прави. Се прави концепт од оваа држава да оди во правев во кој што никој како македонски народ не сака, како што и нема логика да сака. Не можете вие еден народ кој ја создавал оваа држава, го спомнав вчерашниот празник, има и многу други херои кои што дале крв за оваа држава и преку ноќ на некој начин сето тоа да го продадеме и од сето тоа да испадне, ова е бинационална држава на рамноправни албански и македонски народ. Иако Уставот така не кажува. Не би бил можеби проблемот толку очигледен, ако овој закон за знамињата не го ставиме во една корелација со сите оние проблеми кои Република Македонија ги има. Почитувани колеги треба ли да ве потсетам дека Република Македонија до ден денеска не е примена во меѓународната заедница, во сите оние институции под нејзиното уставно име.

Последниве денови имаме прилика да слушнеме разни предлози, значи 15 години на некого му смета нашето име. Од друга страна како ние да донесеме една јака позиција дека ние сме толку приврзани до тоа име, затоа што ако кажете дека живеете во Република Македонија аналогно на тоа се поистоветува дека во таа Република Македонија постои македонски народ. Ако вас некој ви го одземе името и ако вие истрчате пред меѓународната заедница да се прикажете со две суверени знамиња, едно на ова овде и тука покрај него албанското, па како вие ќе се борите за нешто што 15 години го оспорувате. Јасно е, ќе кажат: Овие не знаат ниту кое им е државно знаме, самите не знаат кој е доминантен народ во оваа држава, па камоли да знаат како се викаат. Затоа почитувани колеги 15 години не дриблаат за името, па ни даваат варијанти по две, па три, па пет, и незнам со колку ќе завршиме. Се плашам само да не завршиме без име. И можеби тоа и толку не би бил проблем. Она што имаме прилика да го слушнеме овие денови во јавноста, а кое беше предмет на итната седница на Владата. Замислете во тие предлози покрај името да не се спомнува народ, тука следи, граѓаните на Република Македонија, да се вели јазикот на граѓаните на Република Македонија и ако вас тоа не ве загрижува и ако ние овде како пратеници кои што така упорно молчат, а и не гледам многу интерес да се пријават да кажат нешто, така лесно си го даваме и знамето, така лесно си го даваме и името, и нацијата, и јазикот. Што ќе остане од оваа држава? На крајот на краиштата кој ќе профитира? Ниту албанците, ниту македонците, ниту другите граѓани. Затоа што без разлика кој каков интерес има кога се живее во една суверена држава треба барем основните белези да ги знаеме за да знаеме кои сме и што сме, за да можеме да се препознаеме во светот.

Почитувани колеги, сфатете една работа, Ова не е сон, ова е јаве. Сонот кој што претседателот го кажуваше очигледно делува на вас. Меѓутоа ова е јаве, или кој е заспан нека се разбуди со време. Ние ви ја нудиме можноста, ако бевте два месеци претходно на 15 јули кога овој закон се усвои, ако еден дел од пратениците беа заспани под фамозниот сон, сега да се разбудат. Еве ја можноста два месеци имаа прилика да го исчитаат, да ја слушнат јавноста, но и на лице место да се уверат и да видат на што ни личи Република Македонија денеска. Какви се знамиња не се веат во оваа држава. Дури се веат така што граѓаните немаат поим како да го користат знамето, па се случува и на куќите кои што се градат се веат по три, четири знамиња, затоа што фамилијата на тој што градел имал татко Србин, мајка не знам кој и сите знамиња ги наредија, и ова личи на чисто село весело. Верувајте, не се знае кое е државно знаме. Згора на тоа какво знаме нашол, ниту димензија се гледа, кое е поголемо, кое е помало, ниту се почитува, ниту се води сметка. Тоа е затоа што некој му дал таква можност. И кога јас кој 43 години живее во оваа држава и се прашувам и дури се доведувам во заблуда да се замислам кое е знамето на Република Македонија. Исто така, да ве потсетам почитувани колеги, за некого можеби не е трагедија, голема работа се веело албанското знаме, убаво животно таму орел и тоа

двоглав. Меѓутоа, да ве потсетам дека ние, ние, никој друг, македонскиот народ, граѓаните на Република Македонија си го сменивме нашето државно знаме, па голема работа сега ќе се веело и некое друго покрај него. Зошто? Затоа што на некому му текнало дека ние сме имале, замислете, аспирации спрема јужниот сосед и ние од едно знаме кое што го донесовме овде си го сменивме и знамето и Уставот, така што тоа ни премина во навика. Е, за тоа, за да не преминува во навика не само ова, туку и се она што може да следи, ние сме тука да ве будиме од сонот во кој очигледно сте навлезени. Јас не сум убеден дека голем дел од вас нема да ве разбудам, најмалку сум убеден дека ќе го разбудам претседателот на Собранието, затоа што очигледно тој си го сонувал сонот. Но, времето ќе покаже почитувани колеги, а идните генерации ќе ни судат на начин, се знае како. Кои се главните причини? Од уводното излагање можевте сами да заклучите. Прва и основна причина поради која што го предлагаме овој закон е тоа што ние сметаме дека е овозможен преседан во Република Македонија, со тоа што се дозволи знаме на друга држава да биде знаме на припадници на заедници кои живеат надвор од матичната држава и кои како припадници на заедница се државјани на Република Македонија. Значи, тоа е првата и основна причина. Исто така, како втора не помалку битна причина е тоа што да се издигне на ист ранг со државното знаме на Република Македонија знаме на етничките заедници е пример кој што не постои во ниту една демократска земја. Сакаме на овој начин, со овој закон да постигнеме и да создадеме клима на лојалност на сите граѓани во Република Македонија, не само на одредена структура, не за да задоволиме само албанци,тука има и други за кои што на овој начин со она што укажуваме овде во овој закон треба да се создадеме клима на лојалност. Верувајте со таква клима независно што ќе ве потапкаат по рамо некој кој доаѓа од надвор, овде во Република Македонија клима на лојалност нема да се создаде доколку некој закон, или  некој проект не го почитуваат и не го чувствуваат сите граѓани на Република Македонија.

Со предложениот закон кој што го предлагаме сметаме дека прецизно ќе се уредат прашањата кои се однесуваат за употребата на знамиња. Одредбите од законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија не нудат соодветно решение за состојбите во Република Македонија  во врска со користењето на националните знамиња и симболи. Законот за употреба на знамињата на заедниците во Република Македонија е секундарен закон. Значи, закон кој што ја регулира единствено службената употреба на знамињата на етничките заедници. Но, истиот не навлегува и не смее да навлезе во суштината на состојбите, односно со законот не е регулирано кој ги утврдува законите од сите што треба да се почитуваат при прифаќањето на националните симболи. Овие прашања треба претходно да се уредат со примарен закон за симболите на етничките заедници во кои прецизно ќе се дефинира поимот етничка заедница, како и симболите на етничките заедници во државата кои треба да претставуваат диференцирани симболи, а не истите да бидат симболи на нивните матични држави. Поимот диференцијација го означува процесот на изменување на одреден симбол што значи знаме, грб, со цел да се добие друг хералдички симбол. Овој процес може да се спроведе преку веќе утврдени правила за изменување на бојата на основата, или на аплицираниот знак кои што предлози сме ви ги укажувале и во претходните расправи,со додавање на дополнителни знаци, со спојување на повеќе симболи итн. Ваков пример имате секаде во сите демократски земји, освен, Република Македонија. И ме чуди зошто тој пример не се следи и ме чуди зошто кај нас мораше да одиме на овој начин со ваква формулација.

Почитувани колеги, меѓународните принципи и закони прифаќаат знамиња со елементи на диференцирање на симболите на матичните држави на етничките заедници. Официјалното знаме на една држава може да биде само знаме на таа држава. Истото може официјално да се употребува во други земји и да означува екстериторијалност, односно во дипломатски пртставништва при официјални државни посети, културни и спортски активности,  како и лична примена во согласност со законодавството на втората држава. Ова ви го читам за да сватите дека знаме на суверена држава може да се користи само во вакви ситуации. Тоа се меѓународни принципи, тоа се меѓународни стандарди, не како што е сега состојбата да се користи знаме на Република Албанија но и државното знаме на Република Македонија, а Албанците да го користат знамето на Република Албанија како знаме на етничката заедница што е надвор од сите меѓународни принципи.

Во единиците на локалната самоуправа  во која живеат граѓани припадници на зедницата и се мнозинство во таа единица на локалната самоуправа пред и во објектите на државните органи, јавните служби и правни лица основани од државата и од единиците на локалната самоуправа, на улиците, плоштадите и другите инфраструктурни објекти постојано и на прво место треба да се истакнува знамето на Република Македонија, а потоа знамето на заедницата кое не треба да биде знаме на друга држава. Ова е во суштина она што ние овде го нудиме, односно го предлагаме во осум члена. Текстот ви е доставен. Не би сакал сега член по член да ги анализираме, затоа што ви се познати. Има суштинска разлика во она што е сега во постојниот закон и она што ние го предлагаме. Значи, остануваме на она дека знаме на друга држава не може да се вее, не може да се применува како знаме на етничките заедници, да

се направи разлика помеѓу државно знаме и знаме на етничка заедница и тоа и во големина и местоположба каде стои. Да нема задолжителност, односно факултативна, всушност облигаторна одредба како што сега постои во законот да мора покрај македонското знаме да се вее и знамето на етничките заедници, туку тоа да биде факултативна одредба која што ја предлагаме од проста причина што не треба никому да се наредува ништо. Зошто мора со облигаторна норма да се каже: покрај македонското знаме ќе се вее и знамето на етничките заедници. Ние предлагаме тоа да биде факултативен услов. Доколку етничките заедници сакаат да го веат, нека го веат, но зошто задолжително. Можеби некој не сака да го вее, можеби некој го почитува повеќе државното од етничкото итн. На крајот на краиштата сите се граѓани на оваа држава. Тоа се разликите кои што ги нудиме во овој закон. Мислам дека прифаќањето на овој закон ќе вроди плод, ќе донесе клима на лојалност како што кажав и ќе се истегнат оние работи и нетрпенија кои што со години преовладуваат меѓу одредени етнички заедници.

И на крајот би сакал да укажам на една друга работа. Точно е почитуван колега дека Република Македонија и сите ние сакаме да одиме во Европската Унија и тоа ни е декларирана заложба и ниту една партија нема поинаков став освен тоа. Не значи дека ако овој закон како што е донесен биде проментет, односно изменет на начин кој што ние предлагаме дека вратите на Европската Унија ќе ни бидат отворени. Тоа воопшто не значи. Тоа е прашање кое треба ние сами да си го уредиме.

Нема никој од Европската Унија да ни нареди дека мора покрај македонското да стои албанско државно знаме, затоа што нема таков пример во ниедна европска земја. Прашањето за кое што Европската Унија и претставниците на Европската Унија кои доаѓаат овде е тоа прашањето за употреба на знамињата да биде уредено со закон, кое досега и не беше. Значи, нема облигаторен услов, мора да биде вака како што е, мора да остане законот таков каков што е за да влеземе во Европската Унија. Немојте да ја мешате Европската Унија, немојте да ги мешате меѓународните стандарди кога зборувате за еден ваков закон, затоа што бидете сигурни и со ваква содржина која што ние ја предлагаме вратата на Европската Унија ќе биде толку отворена колку што сме заслужиле, но не само со овој закон, туку и со се она досега што сработивме. И затоа немојте вашите дискусии, или реплики да укажувате дека овде пратеничката група на ВМРО Народна партија која се осуди да предложи еден ваков дрзок закон ја оддалечи Република Македонија од Европската Унија. Немојте, затоа што тоа е огромна лага и не е точно. Република Македонија ќе биде примена во Европската Унија тогаш кога ќе биде примена, тогаш кога тие ќе се смилостиват и тогаш кога ние ќе ги исполниме сите оние услови кои од нас се бараат. Носењето на еден закон кој што ги уредува внатрешните прашања, прашањата на односите помеѓу етничките заедници е наше право и наше прашање, а не нивно. Според тоа, нека не биде алиби секогаш и секаде Европската Унија, нашето влегување во Европската Унија кога сакаме да ги оствариме нашите цели кои што овде се многу очигледни и многу јасни.

Иднината на Република Македонија почитувани колеги, особено вас од албанската етничка припадност не е во бинационална држава, не е ниту во федерација, иднината на Република Македонија е унитарна држава таква каква што е декларирана според Уставот на Република Македонија. Ако сакаме сите заедно таква да ја градиме, такви закони треба да носиме, а не закони кои отвараат не мала, туку голема врата кон федерализација. Немојте повторно да не убедувате и да ни кажувате како и на таа седница дека се ова наши произволни ставови и произволни кавги.

Јас не би сакал да кажам, не би сакал ни да помислам на тоа дека времето ќе не демантира и нас и вас, но би сакал еве да не сум во право, а да Република Македонија си го задржи својот унитарен карактер и си го задржи своето знаме онака како што треба и онака како што е според сите меѓународни стандарди. Верувајте, не би сакал, покрај моето знаме на Република Македонија да стои знаме на туѓа држава затоа што не сакам суверенитетот да го делам. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Караџоски.

Имам еден мал коментар, а господинот Караџоски нека го свати како реплика, бидејќи доста ме спомнуваше во врска со сонот, јас господине Караџоски во мојот сон и понатаму верувам, но по вашата расправа и дискусија признавам дека има една мала фалинка од ваша перспектива. Таа фалинка е што можеби ние тој сон на јаве нема да го доживееме од ваша перспектива, но од моја перспектива идните генерации, па и јас, мислам дека го живееме тој сон и на јаве. Но, она што ме разочарува од ваша страна е изјавата дека и после 43 години вие не знаете кое е вашето знаме. Тука е проблемот господине Караџоски, бидејќи слушам изјави дека ние не знаеме кое е нашето знаме, ние нема да знаеме која е нашата историја, ние нема да знаеме кој е нашиот јазик, ние нема да знаеме многу работи што се поврзани со нашата самобитност. Тука е проблемот господине Караџоски. Никој друг не може да не натера да не знаеме нешто за нас самите и за нашата самобитност, освен ако ние сами не се откажеме од тоа.

Толку господине Караџоски, ако имате контра реплика, повелете.

**Жарко Караџоски:** Господине претседателе, значи постојат толкувачи на сонови или гатачи, како да ги наречам, кои знаат да истолкуваат она

што сонувате дали ќе се оствари така во иднина. Јас не би сакал да верувам на таквите луѓе кои сонот го толкуваат дека така ќе се оствари како што јас сонував.

Тоа да го оставиме на страна, не е точно дека јас не знам кое е моето знаме и не е точно дека не знам кое е знамето на Република Македонија, меѓутоа, морам да ве потсетам нешто претседателе. Во моите 43 години мое знаме било и знамето на црвена подлога со жолта петокрака, беше и знамето на Вергина, сега е сонце со 8 краци, претходно да не зборувам имавме и друго државно знаме за кое во првиот Парламент имаше луѓе кои не сакаа дури да застанат мирно кога се свиреше химната и тн.

Зборувам од аспект на тоа кога ние често знаеме да си ги менуваме знамињата како дуваат ветриштата, а кога покрај тоа што е државно знаме ќе истакнете најмалку 4-5 суверени знамиња на други држави, навистина и јас ќе се најдам во заблуда, а камо ли некој кој доаѓа од надвор.

**Љупчо Јордановски:** Затоа велам немојте да се најдете во заблуда.

Повелете господине Макрадули имате 3 минути реплика.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, господинот Караџоски се заложува цело време за носење на закони кои се во интерес на Република Македонија или на граѓаните, но сепак ваквите дебати, секогаш тоа го укажувам, не се оние што можат да донесат позитивен ефект или законски проект од интерес на граѓаните. Напротив, како што кажа и самиот, два месеци беа доволни граѓаните да видат дека она што минатиот пат го зборуваа, денеска малку го повторија пратениците од Пратеничката група на ВМРО-Народна партија, тогаш и од ВМРО-ДПМНЕ дека ситуацијата не е онаква црна, како што тие предвидуваа, напротив се вејат знамињата, согласно Законот, согласно одредбите од Законот. Сите стравувања што постоеја ги нема, а сликите што ги гледавме на пример на телевизија од Гостивар, самите ќе признаете, беа малку поразлични од 1997 година и поддршката од граѓаните и расположението меѓу граѓаните, пред се албанци, беше малку поинаку во позитивна смисла отколку оние црни сценарија што ни ги предвидувавте вие овде од говорницата.

Зошто ние секогаш ќе ја повторуваме Европската унија, ви за ви одредбите од Охридскиот рамковен договор, затоа што тоа го пишува во документите на соработка меѓу Република Македонија и Европската унија или Европската комисија и стално го спомнуваме европското партнерство, така што треба да го прочитате тој документ, тоа е документ за прогрес на Република Македонија како не гледа Европската комисија. Во тој документ на европското партнерство имплементацијата на Охридскиот рамковен договор беше, за среќа ние го завршивме тој дел, прв критериум што требаше да го исполниме. Доколку во Охридскиот рамковен договор имаше одредба за носење на закон за знамињата на заедниците, тогаш тоа беше наша обврска на нашиот пат кон Европа. Затоа постојано тоа ќе го повторуваме затоа што така сме се договориле и така соработуваме со Европската Унија. Благодарам.

(Во 16,06 часот со седницата продолжи да раководи Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Макрадули.

Една минута контра реплика за пратеникот Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Благодарам потпретседателе.

Јас навистина во една минута не можам да одговорам на се она што го кажа господинот Макрадули во три минути. Меѓутоа, морам со жалење да констатирам, почитуван господине Макрадули мене навистина ми е жал што сонот од господинот Љупчо Јордановски премина на вас. Тоа најмалку го очекував. Очигледно заедно со претседателот и двајцата сте во длабок сон.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Караџоски.

Има збор пратеникот Александар Флоровски.

**Александар Флоровски:** Ова сериозно стои како дилема во тој прв Парламент повеќепартиски, проструи една информација овде во Собранието низ народот и медиумите дека името и знамето е продадено од некого. Од нас пратениците најверојатно не, претпоставувам дека тоа се правело во владеачката гарнитура. Колку е точно лично не сум видел, но бевме сведоци на многу перипетии знамето е дадено за милион марки, бидејќи немаше евра во тој период, се работеше во марки и зелени долари, а и дека името ќе се продаде, тоа е период од 1992 година и 1993 година ни се случи да влеземе во Обединетите Нации под некое привремено име кое требаше да трае три месеци, а веќе трае 12 години БЈРМ или ПЈРМ. Имавте милион натписи во тој правец, не треба да ве враќам назад, многу критики и во тој период и сега, но очигледно нас македонците судбински ни се врзуваат некои лоши работи. Дали се должи на нашето неумеење и незнаење, неможност или некоја зла коб која ни се влече генерации station наназад, не можам да предвидам, а дека има многу сонувачи, тоа е факт и мојот колега Караџоски зборуваше во тој правец, но да се сонува при отворени очи е многу лоша работа, а да се сонува кога човек спие е нормална појава. Но, човек да гледа пред него што се случува и да сонува дека нешто ќе се случи во некој иден период, притоа немајќи валидни факти и аргументи да се поткрепи тој сон кој треба да се претвори во јаве е навистина сон на човек кој никогаш нема да го сонува, да го сонува сопствениот сон за некоја Македонија во благосостојба, за некоја Македонија во

Европската унија, за некоја Македонија во НАТО, последна по ред каде ќе ги вршиме највалканите задачи кои ќе ни ги дадат кои како домашна задача првите држави на НАТО, имиња нема да спомнувам затоа што минатиот пат претседателот, кој не е тука, ми го одзема зборот токму поради тие работи. Нема да говорам ни за Зоро ни за маскираниот јавач, ќе гледам имиња да избегнам.

Имам едно чувство многу горко кое го носам во сопствената душа и горко чувство во самата уста и во желудникот. Тоа е човечка работа. Кога за некои работи во самата Европа постојат два аршина едниот аршин е нации на привилегирани или привилигирани држави и нации и народи кои никако да се изборат за некои права кои легитимно им следуваат. Ова сакав како вовед да го говорам. Во тие нации, покрај нас македонците кои имаме каква таква држава, но благодарејќи на некои историски собития 1990 година, благодарејќи на тогашниот парламентарен состав, нема да одделам позиција-опозиција иако опозицијата олицетворена во ВМРО-ДПМНЕ правеше максимални притисоци, значи оди крајно радикално десно доколку Македонија не стане држава можат да се случат многу работи кои не беа познати тогаш во македонската држава, а некои кои како петта колона беше овде таква работа прижелкуваше. Но, надвладеа разумот.

Значи, покрај нас како нации кои, за жал, не сакам да сум фаталист, како држава, тука можам да ги набројам едни Баски кои живеат на границата помеѓу Шпанија и Франција, па Северна Ирска, па и Корзиканците, тоа се нации кои се мали по број, но нации, покрај македонскиот кој стави еден дебел белег во човековата историја и на културен и на историски план.

Нема да ви правам анализи, нација кои оставија баштина зад себе, историја, додека другите јаделе со прсти ние јадевме со вилушки и ножеви не поради теоријата дека славјаните дојдоа со цевките преку Дунав, треба да си ги бараме корените, ама малку подлабоко. Дали ќе ги најдеме, тоа не е ниту моја задача, ниту задача на пратениците, тоа е задача на една институција која денеска се вика МАНУ. Тоа е задача на една институција која се вика македонска држава, македонска влада која треба да го одврзе кесето и да види дали имаме корени во Пакистан кај калашите, дали имаме нешто заедничко или немаме. Ако немаме ќе премолчиме, ако имаме треба да се обелодени.

Сето ова е во контекс на Законот за знамиња за да дојдеме до она што сметам дека е битно да се каже. Никој денеска нема да ве цени во светот ниту како човек, како поединец, ниту како нација ако цело време одите со наведната глава. Иако цело време аминувате дека она што ќе го кажат оние кои доаѓаат од Европа. Имаше еден интересен израз, јас често го употребував во минатиот Парламент кој доаѓаат како анкесеџии низ државава и нудат, да не кажам што за што и на крај, за жал, секогаш ние остануваме и како држава и како нација со прстот во уста.

Значи, запад и странците почитуваат искрени заложби и борба за она што значи демократска, за она што значи сопствен државен и национален дигнитет. Тука ние паднавме на испитот и како држава и како нација. За да дојдам до овој предлог кој го нудат седум пратеника во вид на амандмани, иако сум свесен дека доколку повеќе од половина од припадниците на етничките групи или заедници, меѓународен термин е малцинства, но ние нон-стоп се бафтаме со некои нови термини, измислуваме секогаш нови работи, измислуваме и топла вода дека за да се стопли треба да се запали тенџерето за да зоврие водата. Секогаш ни се случуваат такви работи. Знам дека нема да помине оваа работа, но сметаат и сметам дека треба да станам и да проговорам. Колку ова ќе се памети ќе кажат секое чудо за три дена, но нека биде и за еден ден. Да го кажам она што мене ме боли, мене ме погодува како човек, човек кој мисли за себе дека колку-толку има национално чувство и национален дигнитет, а тоа е македонскиот дигнитет. Пак ќе кажам чии корени треба да се бараат многу длабоко во човековата историја. Но, за жал, победниците 1945 година направија една историја која можам да ја крстам како сакам само не објективна.

Значи, да се нема чувство, да се нема дигнитет е страшна работа. Таа слабост кај нас македонците сите ја користат и тие што се во државата, а не припаѓаат на македонската нација и тие кои доаѓаат од надвор и ни солат памет. Кој доаѓа, за жал, како трговци џамбази и тргуваат со македонскиот идентитет и држава, поинаку не можам да ја крстам таа работа. Изнудено ни е едно решение кое се вика Закон за знамиња што го донесовме пррed одморите во август, а денеска бараме промена на одредени членови кои знам дека нема да поминат, но ќе го кажам тоа што сакам да го кажам и ние сите нивни предлози буквално ги прифаќаме.

Јас и по повод распавата во петокот кога влегов во конфликт со претседателот кажав една работа, нема да ја повторам, па што очекувате од нас. Сега ќе ви кажам една друга работа, за жал, страшна за нас македонците. Нема да ви го опишувам вицот со кубурот, дека кубурот што за не дај боже, па дали има пострашни моменти некој да ви го земе знамето, некој да ви го земе дигнитетот, некој да ви ја земе нацијата. Дали има нешто пострашно од вас да направи тесто и да ве залепи за зид како сака да ве направи една аморфна маса како што е предлогот на господинот Нимиц. Во ред е двојната формула, јас кажав дека ќе ја прифатам за сите Република Македонија, а со Грција секако ќе се договориме. Ова е во контекст на законот. Во тој предлог господа се говори за јазик на Република Македонија и народ во Република Македонија.

Таква работа не постои. Јас колку што знам, и мојата баба и мојот дедо и мојата прабаба и прадедо говореле на македонски јазик со лерински дијалект. Друг јазик не познавале освен оној што морале да го научат во Грција и оној што го научија во Полска и Чешка и Унгарија. Таква е и мојата судбина, говорам повеќе јазици затоа што сме живееле таму и моравме да го научиме. Тоа е трагедија за еден народ. Уште поголема трагедија е покрај ова знаме кое е донесено 1993 година кое е империјално знаме на јапонската морнарица и фалат уште реси за да биде воено знаме, се вее знаме на туѓа држава. Јас немам против албанците тие си имаат свое автохтоно знаме овде во Република Македонија, значи ќе имаме вакви случувања, доаѓа странски дипломат во Западна Македонија го гледа албанското знаме. Оди на Косово другата година или може сега гледа албанско знаме и прави едно вртење преку планината Проклетија влегува во Албанија и пак гледа албанско знаме. Значи тој се наоѓа во три албански држави или една обединета во некое идно време како што спомна еден ваш колега кој денеска не го гледам тука.

Да ви кажам и јас би сакал кога ќе поминам низ Поградец, низ оние места каде има македонски топоними па да го видам македонското знаме иако лично многу не сум љубител на ова, го почитувам затоа што е државно.

Јас сум приврзаник на знамето од Кутлеш или македонскиот стар грб лавот кој се вееше низ многу револуции и востанија на овој напатен македонски народ и јас би сакал тоа да го видам. Но, за тоа треба да се избориме. Затоа, Европа не треба да има два аршина. Затоа Европа не треба да биде блудница вавилонска како што е опеана во една македонска песна и неслучајно е така опеана. Затоа што и тогаш македонскиот народ страдаше под туѓи диктати. Денска ни се случува една слична работа во една пософистицирана форма, освен војната во 2001 година, која не беше софистицирана, но дека беше истемпирана во даден момент, тоа никој не може да ме убеди во спротивното дека не беше така.

Што бараме ние, всушност, еве почленот 1 од Предлогот. Бараме промена на членот 2 од постојниот Закон, пред себе го имате, но јас ќе ви го прочитам. Во предлогот од седум пратеници од ВМРО Народна партија, во членот 1 стои, а се однесува на членот 2 од постојниот Закон, во ставот 2 по зборовите "особености", тие се ставени во наводници, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите "а кој е во исто време не може да биде знаме на друга држава". Затоа јас претходно говорев дека ако дојде некој патеписец модерен, не Евлија челебија и ќе помине низ Западна Македонија, Косово и Албанија, ќе мисли дека се наоѓа во една држава, затоа што се вее едно знаме, а тоа е националното знаме на Албанија.

Отстапките кои ги направи Владата мене ми се од повеќе јасни и тука било кој да дојде не може да ме убеди дека моите размислувања не се исправни, најблаго кажано. Мислам дека е направен класичен политички дил, а тоа се вика танте за кукурику. За жал, едно лошо решение кое во македонската јавност, кога ова го велам, говорам за сите, освен за Албанците, наиде на лоши реакции. И, ќе ви кажам зошто. Затоа што Србите велат, па зошто да не се вее моето знаме со 4С или со нивниот бел орел. Па, се јавија Власите и зошто да немаат право и Ромите да го веат сопственото знаме, како што имаат право и Албанците секаде да го веат. Значи, правиме закони само за најголемото малцинство во Република Македонија. А, колку што мене ми е јасно во една правна нормална демократска држава, каква што сакаме и се стремиме да бидеме, сите треба да бидат еднакви. Ако дојдат и 10, 20 Кинези, па и за нив нека важи и нека го мафтаат кинеското знаме. Се стремиме кон Европа, кон Европската заедница како вечна заложба и не знам дали тој сон ќе го досонуваме некогаш, гледајќи дека се се тоа политички одлуки и дека апсолутно нема врска со стварноста и она што ни се налага. А, тоа се однесува и на Македонија и на Албанија и на Србија и Црна Гора и други. Нас не сметаат за последна дупка на кавалот. Една многу лоша работа која, не само што ме погодува, ме иритира. Ме иритира некој кој ќе дојде и ме гледа со подсмев и омаловажување. Ви говорев и за примерот Герт Арес од 1991 година, ви говорев и со сегашниов амбасадор на САД но во Софија Пердју и за Леотар како се однесуваа, една грозна работа. Една грозна работа, која бара соодветна реакција. Но, бидејќи се дојдени од помоќни држави, мораме да премолчиме и да ги проголтаме сите тие работи кои ни ги правеа. Значи, ни се вее знаме на странска држава. Овде во седум члена кои се наведени бараме одредени измени. Не сакам да ви ги читам поединечно затоа што ги имате, промената не се состои во многу членови и кажав дека се работи за седум члена, кои на некој начин дефинираат одредени работи. После мене сигурно некој ќе стане и ќе реплицира, можеби со право, можеби не, тоа е негов проблем и мене апсолутно не ме интересира. Јас сум опериран од такви работи и подготвен сум за дуели со кој сака и кога сака. Говорам за еден нормален дуел овде на говорница, а може и на друго место ако сака, не е проблем. За да македонскиот народ во сопствената држава не се чувствува обезглавен, затоа што имавме прилики да видиме онаму каде што доминира албанското малцинаство се вее знамето на Албанците, па се случувало да не го видиме македонското знаме. Тоа можат да го потврдат пратениците кои живеат во Западна Македонија и проаѓаат низ тој терен многу подобро од мене. И, со многу од нив со кои разговарав го потврдуваат тоа дека албанското знаме се вее, а македонското не може ни зо боринче да се види. А, божем сме донеле некој

закон со консензус, со договор на владеачките партии. И, затоа е предложено ова писание од седум члена, т.е. од осум, а осмиот е доколку се усвои стапува на сила во Службен весник. Знам дека нема да помине, по трет пат го кажувам ова, но ќе се бориме додека можеме да се бориме и додека Господ ни дал сила, ум и разум како луѓе, па на крај како патриоти. На крај како Македонци. Мое исконско право е да си се борам за сопствената нација колку што можам, а на крај да кажам дека живеам во Република Македонија, не живеам во некоја туѓа држава и дека сум свој на своето. Моите не потекнуваат од вардарскиот дел на Македонија, но се на 20 километри од Битола. Во таа турска империја беа едно, Битолски вилает.

Ако не се лажам, госпоѓата Поповска во контекст на законот говореше за низа примери и го зема примерот на унгарското малцинство во Романија, кое во една држава од 18 до 20 милиони брои околу 2 милиони од 5 до 10%. Тоа е една голема калкулација, која исто така доби суверени граѓански права, но имаат свое знаме кое се разликува од знамето на Република Унгарија. Значи, дојден е до еден консензус, каде што унгарското малцинство со веење на тоа знаме нема да ги наруши правата и нема да се почувствува романскиот народ како загрозен на сега сопствената територија. Иако, историски гледано таа територија припаѓала на друга држава. Значи, како парадигма земаме живи примери и не може некој да излезе тука и да ни каже дека тоа не е така. Не се потрудив да видам каде сеуште се случуваат такви работи, но сигурен сум дека ќе наидете на десетици или дваесетици, можеби и триесетина примери, каде што имаме состојби какви што се во Македонија. Но, тешко ќе најдете пример да се вее знаме во туѓа држава. Да се вее знаме на туѓа држава во една соседска држава како што е Република Македонија. Тоа е така, затоа што е направен политички дил.

И,што после овие работи ќе следува? Човек не треба да е видовит и премногу паметен за да сфати дека според моите видувања Македонија многу брзо граби кон сопствената федерализација, иако уставно е унитарна, но далеку сме до унитарна држава, цврсто граби кон бинационална, што е иста форма како на федерација, можеби и подрастична е и цврсто граби кон билингвизам или држава на два официјални јазици. Состојбите, за жал се такви. Но, ќе кажам една работа, опозицијата брои 35 до 36 души, а позицијата брои 70 до 80 луѓе, нашиот глас колку далеку ќе се слуша ќе видиме, но за жал, можам да констатирам дека Македонија се подлабоко и подлабоко тоне на политички план. А и ова е политика. И законот за знамиња е политика, буквално се во животот е политика. Дојдоа некои страшни времиња каде што секој со секого мора да политизира. Но, нема политизација, нема дил, нема договори кога се работи за националното чувство, за опстанокот на државата и за сочувување на таа држава. Неслучајно во петокот на госпоѓата министерка и реков дека има три круцијални прашања, кои се носат во душата и за кои не се разговара. Тоа е територијалниот интегритет, неделивоста на државата и опстанокот на македонската нација. И, повторно велам дека тоа се елементи број еден и дека тука секогаш ќе има поддршка во мене кога се работи за тие три прашања. А, за другото можеме да се караме, можеме да се расправаме, но за овие три прашања нема расправање, нема карање. Тоа чувство се носи во себе. Кој го носи можеби не го носи, некој е космополит. За мене велат дека сум задрт националист и не се далеку од вистината. Тој сум, таков сум, таков сум се родил, така ме воспитале и тоа е вистината за мене, кога се работи за македонската кауза и не се срамам воопшто од тоа. Најмалку имам намера пак да глумам дека сум космополит, дека се ќе дадам на штета на сопствената нација. Тој филм никој нема да го види, ако некогаш даде Господ да дојдеме во позиција.

Предложениов текст од група пратеници на ВМРО-Народна партија, со седумте члена кои се нудат како измени, сметам дека ќе ублажат една неправда која е направена, за жал, спрема овој македонски народ во сопствената си матична држава наречена Република Македонија, со Кирилско писмо, со јазик на Република Македонија според предлогот на Нимиц и нација на Република Македонија. Човек просто да не може да поверува што ни се случува на почетокот на 21 век. Не можам да се изначудам како може така бегло и премолчно да поминеме низ многу работи, притоа неводејќи сметка за иднината и на нашите деца и нивните поколенија. Притоа, неводејќи сметка дека македонскиот наталитет паѓа, притоа неводејќи сметка дека Македонците а нарочно младите се иселуваат и многу притоа и затоа. Има една македонска песна, која вели вака и која претпоставувам дека на многу македонски седенки покрај црно вино и свинско месо ја пеат, не знаеш кој си и што си. Другите знаат, а ние не си се знаеме меѓу себе кои сме и што сме и каква баштина и историја имаме оставено на ова човештво. Денес доведени на работ, да не кажам, на сопствената егзистенција, на работ на сопствениот македонски опстанок, а притоа одредена владеачка структура од македонска провиниенција поведена по личните и сопствените интереси, не води сметка за глобалните македонски интереси, за опстанокот на Република Македонија, за опстанокот на македонскиот народ и на крај не води сметка за македонската кауза. Можам уште многу да говорам, тука ќе прекинам и претпоставувам дека има и други пријавени, има многу да се говори на оваа тема. Но, верувајте и тешко е да се говори на оваа тема кога знаеш дека си онеправдан и газен буквално од сите кои што се овде и кои што доаѓаат однадвор со разно разни диктати, кои јас ги нарекувам јанкесеџии или ги нарекувам трговци, џамбази со македонската душа, со

македонската стварност, со македонската држава, која денеска се вика Република Македонија. Таа ќе опстои и понатаму, но процентот на Македонците колкав Ќе биде во иднина, тоа е знак на прашање. Тоа е прашањето кое сите нас не боли. Има уште една работа, која исто така многу пати ја спомнувам, угоре високо, Господ е високо, а долу е премногу длабоко, ние сме некаде во средина и никако не можеме да се фатиме за сламката наречена сламка за спас. Затоа и кубурот кој го носевме на појас за недај Боже, не можеме да го употребиме, но има луѓе кои можат, припадници на оваа нација. Тие покажаа во одреден временски период дека и во нив чука македонско срце и жртвите кои ги дадовме за оваа Македонија, за жал, се покажаа залудни. И законот од Владата кога се носеше, кажав дека ова е почетокот само, следните барања и ултиматуми допрва ќе доаѓаат. Со ова сакам да им се обратам на моите колеги Македонци од едноставна причина, затоа што ќе немаме шанса да говориме можеби по ваква материја, конкретно, а изборите се блиску. Уште една година летнува, ќе дојдат милион закони кои ќе треба да ни инкорпорираат во таканаречена Европа. Да си дадеме оддишка на нашата напатена македонска душа во сопствената македонска држава да не можеш да си се избориш за сопственото национално право. Една трагична ситуација, да не кажам, можеби трагикомична или да не кажам многу од елитата поведени по сопствената лакомост, затоа што многу ги соблазнува окото по земно богатство, а останало само духовното, откако ќе го поминеме тој свет, а тоа што е спечалено останува на некои други генерации кои ќе го изедат и ќе го распродадат, затоа што не го печалеле тие.

И, тука ќе завршам, господа пратеници, толку од моето пледоае за законот, кој бара промена на одредени неправди кои ни се направени. Знам дека нема да го прифатите, поради одредени партиски директиви.

Јас едно ќе ви советувам, поддржете го, немојте да ве плашат со кандидатури на идните парламентарни избори. Само подобните ќе одат напред, а подобни значи послушни луѓе кои се блиску до раководството. Еднаш бидете Македонци, бидете мажи, застанете зад овие седум промени.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Флоровски.

Три минути реплика има пратеникот Рафис Алити.

Повелете господине Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Навистина ние можеме да ги разбереме пратениците кои го понудија овој Предлог на закон дека им треба за еден предизборен маркетинг и ова е дозволено, се разбира но неможам да ги разберам сите пратеници кои се потписници или кои се јавуваат за говор и расправаат за предлогот на Нимиц и други работи. Сигурно дека доколку мислат дека една таква тема треба да биде на дневен ред тука треба да предложат едно такво нешто, или и понатаму се занимаваат со сонови. Јас ќе ви кажам дека е добро себе човек да сонува и тоа да сонува добри соништа. Значи еден ден да биде дел на Европската Унија, значи Македонија да биде дел на НАТО. Еден ден во Македонија да има благосостојба, економска благосостојба за сите граѓани на Република Македонија. Доколку сето ова е сон и е добро да сонува, бидејќи со соништа сонувајќи добри работи еден ден можеби и ќе биде време да се остварат тие соништа. Но за жал, доколку човек не знае да ги подели моментите кога сонува и кога не сонува, несреќа е кога човек не знае да се измери себеси, или е несреќа кога човек се мери со утринската месна, изгледа дека е голем, добро е да се мери себеси со сенката од пладнето и сигурно дека тогаш ќе ја знае реалноста колку вреди и колку е голема. Не дека не поддржувам еден ваков предлог на закон, навистина и граѓаните на Република Македонија независно на која етничка заедница и припаѓаат. Доста им е од такви работи, од време на време и им се сервира, како и на ова Собрание, секако дека ние независно дали е опозиција или позиција треба да гледаме напред. Векан треба да гледаме напред бидејќи само гледајќи напред можеме нашите сништа кои ги споменуваме еден ден да бидат и стварност. Доколку се враќаме назад мислам дека не го сакаме доброто на нашата земја, ниту на нашите семејства ниту на нашите народи кои живеат во Република Македонија.

Во однос на корените за кои неколку пати говорат Флоровски и другите и за патриотизам јас навистина го разбирам господинот Флоровски, но ја разбирам и ВМРО во оваа состојба или во ова дереџе бидејќи се гледа од кого се инспирира. Доколку ВМРО се инспирира од Флоровски јас жалам за ова дека ќе заврши навистина така како што завршува како политичка партија, би рекол во ниски гранки. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Рафис.

Повелете една минута господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** Дали некој се инспирира од мене тоа не е ваш проблем. Има некој што се инспирира, има некој што не се инспирира, но говорејќи за сенките на пладне се најголеми, очигледно дека вашата сенка секогаш ја гледате напладне и ви се чини дека сте многу големи. Но, тоа е во сопствените очи, во другите очи сте многу мал.

Да ни кажувате вие приказни дека сте позагрижен за Македонија тоа се вика турски преведено на македонски "мижи Асан да ти баам".Такви приказни кажете и на другите, дека сте позагрижени за Република Македонија од мене тоа се вика фатаморгана, или си правите "бајрам на умот". Таа е скопска изрека која сигурно сте ја сретнале.

За благосостојбите и за Европската Унија проектирана според некои 2008, 2010 или 2021, тоа пак се вика "живеј магаре до зелена трева". Да не не најде случајно судбината на Турција на која и треба 30 години да преговара, држава од 70 милиони за да влезе во Европската Унија. Ние не сме едно предградие на Истанбул па да даваме вакви изјави од ваков тип. . .

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Флоровски.

**Александар Флоровски:** . . . дека доаѓањето на Европската Унија ќе внесе благосостојба.

Прво значи обврска на Република Македонија кон Европската Унија.

**Љупчо Јордановски:** Ве молам господине Флоровски една минута е правило.

Господине Хусеини имате реплика, повелете три минути.

**Хусеинхусеин Џеват:** Јас навистина не знам овие предлози дали се прифатливи и за самиот ваш електорат господине предлагач. Ние пред некое време го донесовме законот со мнозинство гласови изгласан и незнам која е потребата што ве тера да ги предлагате овие предлози сега освен доколку не рејтингот кој што е многу мал сега и сега сакате на некој начин, меѓутоа начинот ви е погрешен.

И самиот македонски електорат не ве подржува за овој предлог. Многу од вас рекоа дека сакате да служите како будилник. Јас тука слушнав само приказни за добра ноќ. Приказни за добра ноќ, затоа што добрата ноќ е и догледање Македонија рече на државата која се заснова на некои етнички предности. Значи етноцентристичката држава, Не само заради нас, туку заради самите македонци за една поубава иднина. И кога вие велите дека Македонија сакала да го направи ќеифот на Европа со овие закони тоа не е вистина. Мојот ќеиф е во прв ред а потоа ќеифот на Европа. Ние го посакавме овој закон и ние го донесовме со помош на нашите партнери во коалицијата кои што мислат дека се многу поголеми македонци од вас и дека многу поовеќе мислат за Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Господине Флоровски повелете една минута.

**Александар Флоровски:** Они физички можеби се поголеми, повисоки, покрупни, но прашање е на чувства кој колку е патриот и македонец. Така да не давајте вакви оценки, случајно да не згрешите па во некоја друга прилика повторно како пратеник во некое идно време да кажете стварно овие биле предавници на Македонија. Така да оценки немојте да давате. Вие бевте надвор, но очигледно од телевизија не следевте што говорам. За да ме сватите полноважно требаше овде да бидете, а не доаѓате како џокер однадвор и коментирате јас што говорев, а при тоа не ме слушавте затоа што пиевте кафе, претпоставувам.

Приказните за добра ноќ на Македонското радио беа секогаш во 19,00 часот и многу рано си легнувате и не се во тек со настаните, настаните после се случуваат. Тоа е едната работа.

Втората работа која сакам да ви ја кажам и да не ја заборавите-Македонија според Уставот е унитарна држава, ниту е бинационална, ниту е федерализирана.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Трендафиулов, имате збор.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Благодарам господине Јордановски.

Сакам јавно да искажам дека сум трогнат од загриженоста на неколкумина пратеници од ДУИ пред се за иднината на ВМРО и се разбира за иднината на Република Македонија.

Во расправата кога овој Закон се носеше пред ва месеци, во делот од мојата дискусија побарав пред се од клучниот коалиционен партнер на СДСМ и ДУИ да покажат лојалност кон Македонската држава чии граѓани се пред се и тие да инсистираат во знамето што тие како малцинска заедница имаат намера да го употребуваат во Република Македонија на начин како што е пропишано, самите да инсистираат да се наоѓаат државни обележја на Република Македонија. На тој начин очекував дека тие на мошне директен начин она што го зборуваат овде во Собранието неколку години и ќе го потврдат во пракса.

За жал слушнавме некои други работи тогаш во дискусијата и да го парафразирам господинот Макрадули-што тоа се случи толку страшно откако се донесе Законот, се разбира доколку исказот на господинот Макрадули се базирал дека сватил од ВМРО дека сонцето нема да изгрева одкако ќе се донесе Законот за употреба на знамињата. Тоа не се случи. Дали доколку нема да поминат измените ние во ВМРО мислиме дека тоа ќе се случи од утре, задутре господинот Макрадули повторно е во право бидејќи веројатноста за тоа е сосема мала. Но се случија неколку работи во овие два месеци.

Јас сум изненаден од дискусијата на господинот Рафис Алити, но нешто не се сеќавам да излезеше и да дадеше изјава кога ескалираа настаните во Челопек, или кога беше во два наврати нападнат судијата кој се обиде во првиот случај да ја почне расправата, во вториот случај да изврши увид на лице место, јас не го слушнав господинот Рафис Алити да се појави таму и да им каже со груби зборови бегајте бандо вие сте на нашиот пат кон зачленувањето во Европа и НАТО. Јас не се сеќавам ДУИ да го осуди и потпретседателот на Владата, господинот Муса Џафери кој на прашањето дали е ова крај на барањето на албанците во Македонија кажа: па, барањата се сосема природни и логични и тие ќе следат. Токму во овие два месеци ние слушнавме дека се отвара и проблемот со употребата на јазиците на малцинските заедници во рамките на

употребата на вооружените сили, значи во армијата и во МВР односно во полицијата. Кога господинот Рафис Алити јавно ќе излезе и ќе реагира против изјавите кои доаѓаат, па дури и од претставници на неговата партија тогаш ова што овде се говори од нивна страна веќе ќе покажува дека можеби навистина решиле да се однесуваат и го прифатиле фактот дека се тие пред се државјани на Република Македонија.

Јас некако неможам да сватам дека оваа слаткоречивост за Европската Унија и за НАТО се однесува за сите други освен за оние кои, на пример ја нападнаа судиката која се обиде да изврши увид на местото на настанот во Челопек. Јас не се сеќавам со еден чекор да се обиделе да се дистанцираат од изјавите на господинот Фазли Велиу за разни годишнини, кои исто така се однесуваат . . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Трендафилов три минути како реплика поминаа, ве молам вратете се на законот што го предложивте.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Значи, бидејќи ова е сеуште општата расправа, бидејќи вие во една прилика зборувавте . . .

**Љупчо Јордановски:** Јас знам дека вие само реплицирате, а за реплика има три минути.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господине Јордановски дозволете јас да ги споделам впечатоците од кошмарот како што вие ги споделивте впечатоците од вашиот сон. Значи, не сите сонуваме.

**Љупчо Јордановски:** Знам, само што јас реплицирав, а немав збор.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Сеедно, кошмарот кога доаѓа не прашува дали вие сте можеле да чувствувате . . .

**Љупчо Јордановски:** Господине Трендафилов вие можевте да побарате реплика од три минути и да го кажете ова што го кажавте сега. Поминаа три минути, јас не ве прекунувам, ве предупредувам, продолжете со законот.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Во ред, јас ќе го реафирмирам уште еднаш ставот што го кажав на почетокот на моето излагање.

Токму поддршката на овие измени во Законот за употреба на знамињата на малцинските заедници и токму од претставниците во Собранието на ДУИ како клучен коалиционен партнер и нивното инсистирање за знамето кое тие ќе го употребуваат на територијата на Република Македонија со јасно изразени државни симболи на Република Македонија ќе значи дека тие се сообразиле и се однесуваат согласно реалноста во оваа земја, а тоа е дека тие се пред се државјани на Република Македонија и се должни, имаат права и должности и обврски прво во Република Македонија, а потоа споделуваќи некакви сенационални или сенародни интереси.

Доколку се случи она што најверојатно ќе се случи барем според овие две дискусии кои дојдоа до страна на ДУИ за жал она што господинот Макрадули го испушти во овие два месеци нема да рпетставува ништо друго туку само уште една тула во ѕидот. Толку.

**Љупчо Јордановски:** Господине Алити барате ли реплика? (да)

Повелете три минути.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине претседател,

Навистина тоа што го бара господинот Трендафилов јас нема да го направам не денес, туку и наредните денови нема да го направам тоа, да излезам и да се дистанцирам од работите кои не ги познавам и предметот кој не го знам до крај, како што е предметот Челопек каде едната страна вели дека сопственоста е негова, а сите селани велат дека тоа е Вакав, или општонареден имот. Но, јас нема да говорам за тој случај бидејќи не сум надлежен. Затоа овој предмет треба да се објасни во суд и таму каде што му е местото.

Во однос на декларациите на Муса Џафери и на други исто така нема да коментирам, бидејќи е наше право да го бараме тоа што ни припаѓа во Република Македонија, затоа што јасно сме кажале дека ние сме граѓани на Република Македонија, ќе бидеме лојални во однос на оваа земја, но се разбира со рамноправни права. Оваа работа треба да биде вака бидејќи во Европа не се оди со дискриминирани граѓани.

Јас ќе го потсетам господинот Трендафилов дека знамето на Република Македонија, и другите од ВМРО би ги потсетил што се постави во општина Липково и во сите општини по донесувањето на Законот за употреба на знамиња и денес државното знаме во празничните денови се вее низ сите институции во Република Македонија независно во која општина која етничка заедница е во мнозинство.

Исто така ќе го потсетам господинот дека во општина Пустец во Република Албанија исто така се вее знамето со 16 краци, знаме кое го избрале жителите на таа општина. Ние никогаш како ДУИ, ниту размислуваме тоа што е направено во Република Албанија да го коментираме од негативен аспект итн.

Господине Трендафилов и другите трtеба да разберете ние како граѓани на Република Македонија секако дека сме заинтересирани да се носат закони кои оваа земја, оваа држава ја унапредуваат кон европските интеграции, во НАТО и во цивилизираната Европа. Доколку вие сте заинтересирани за нешто друго, кое нешто не го кажувате јавно пред граѓаните на Република Македонија и го криете тоа и секогаш се трудите кај Албанците, или . . .

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Трендафилов една минута.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Господине Алити јас немам воопшто намера да отворам расправа пред судот да реши чија е сопственоста на имотот за кој се

води спор во судот. Претходно имав на ум дека селаните од Челопек не дозволија на Македонците да го одбележат денот кога на најѕверски начин беа убиени двајца жители кои работеа таму. Ако за вас не претставува цивилизациски чин да се овозможи поменот што сакаат тие да го направат тогаш или вие имате грешка во каква Европа, или незнам како си ја замислувате, или пак јас сум бил во грешка. Вие не сте виновни затоа што цивилизациски гледате на некои работи одколку што мислиме ние дека повеќето нормални луѓе на светот гледаат.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам,

Господине Мавровски имате збор.

**Спиро Мавровски:** Благодарам господине претседателе,

Еве се разви дискусија по овој предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за употребата на знамињата на заедниците во Република Македонија и мислам дека после последните реплики и кажувања од господата од ДУИ кои покажуваат голема загриженост, незнам од каде и зошто толку наеднаш и толку се загрижија, но сакам да си помогнеме во нешто. Ние како политич!ка партија јавно и декларативно сме за Европската Унија и за НАТО структурите, но се што сме направиле досега сме направиле тука, во овој Парламент, заедно со овие пратеници и заедно со сите декларации и резолуции кои што Собранието на Република Македонија ги има донесено.

За жал, голем дел од законите што во овие три години ги донесуваме, се донесени на начин за кој најмногу се заслужни токму господата од ДУИ кои на еден "цивилизациски" начин ја донесоа Европа многу блиску и сега сме приморани да ги исполниме сите оние барања и услови со Охридскиот договор и сите закони кои ги носиме и за кои, уште не доенсени веќе има поправки и дополнувања и за кои говориме дека сме многу поблиску до Европската унија. Но,за жал чувството и на граѓаните на Република Македонија, моето лично чувство и на овие господа што седат во овие клупи, мислам дека реалноста не е баш така. Затоа би сакал уште еднаш да повторам на она што го говоревме при донесувањето на законот, значи законот уште во старот беше фаличен, на тоа укажуваат сите пратенички групи без разлика дали доаѓаат од позицијата или опозицијата, беа доставени многу амандмани по кои што тука расправавме повеќе од десет дена. За жал и оние амандмани кои што доаѓаа од позицијата не беа прифатени, значи се работеше за една цврста коалиција или договор помеѓу владеачките партии во коалицијата и на таков начин сите овие амандмани беа отфрлени.

Но, господа сега се донесовме во една ситуација за која што тогаш говоревме, а сега е многу јасна и ниту сме поблиску до Европската унија ниту пак овој закон не доближува и до НАТО структурите, уште помалце до Европската унија. Зошто е тоа така ќе се обидам уште еднаш да објаснам.

Во членот 2 став 2 од овој закон сите се согласувавм во едно, а тоа е дека знаме на туѓа држава во Република Македонија не смее да се вее. Зошто е тоа така. По сите меѓународни правила и норми, стои дека територијалниот суверенитет се искажува преку знамето на државата која што ја преставува тоа знаме. Значи овој територијален суверенитет надвор од сопствената држава, може да биде изразено во амбасади, во конзулати и во дипломатски возила, кој што претставуваат екс територија во земјата каде што се веат овие знамиња. Се разбира со дозвола на земјата во која што истото знаме се вее. Ако е тоа така, прашањето и минатиот пат и сега стои, дали со употребата на албанското знаме во Република Македонија, и посебно барањата и тоа да се вее и пред државни установи, едноставно нашиот суверенитет се одзема и доаѓаме во ситуација тоа да претставува екс територија или територија на знамето кое што ќе се вее во тој дел. Тоа е територијата на Република Македонија. Мислам дека тоа и граѓаните кои што живеат, македонци од албанско етничко потекло во Република Македонија, дека тоа не го сакаат, дека тие се составен дел на граѓаните на Република Македонија, тука живееле барем поголем дел од нив, живеат и понатаму ќе живеат во Република Македонија, за разлика од многу други кои што доаѓаат ги прават пробелмите и заминуваат од Република Македонија, а тоа е веќе друга ситуација, што пред неполни 4 години сите ние ја видовме и доживеавме.

Со членот 2 ние доаѓаме во една друга ситуација што исто така треба да се разгледа уште во старт, затоа што ќе имаме закон за знаме од етничко поткло, и како штокажавме, освен во две општини, во сите други општини ќе треба да се вее знамето на македонците од албанско етничко потекло. Сега се прашуваме, дали со она што значеше Охридски рамковен договор, ние дојдовме во ситуација Македонија да ја прогласиме за бинационална држава, или пак она што треба да значи нивно право и определба, веењето на знамето на националните заедници од етничко потекло, различно од македонскиот народ, да треба или да веат свои знамиња, треба да имаме или многу национална држава, што во основа и се прогласуваме, или пак ќе треба да имаме нешто што во ситуацијата ни претставува бинационална држава, што апсолутно не беше ниту во Охридскиот договор, ниту по она што сега го донесуваме како закон. Зошто го говорам сето ова?

Мислам дека многу забелешки кои доаѓаат и од граѓански здруженија, Предлог законот да се разгледува во редовна собраниска процедура, тоа ние го одбивме и тука зедовме да разгледуваме и да расправаме во однос на она што значи

донесување на Предлог законот, амандманска расправа и донесување на законот.

По нивните кажувања дека Законот за употребата на знамиња на етничките заедници, со цел да се стави ред во нивната примена и забелешката, знамето кое етничките заедници го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености, да не биде идентично со знамето на други држави. Тоа го бараат сите граѓански здруженија. Тука би го спомнал и Сојузот на борците. За тоа апсолутно никој ништо не кажа, туку ние како Закон го донесовме.

Во дискусиите слушнавме, еве и денес, многу различни тонови, слушнавме дека тоа знаме го претставува националниот идентитет, дека од тоа знаме не може никој така едноставно да се откаже, дека тоа знаме ја претставувало борбата на албанскиот народ низ вековите, дека тоа знаме ја претставувало борбата на албанците за време на Втората светска војна и многу други работи кои за мене се непоимливи. Дали, за албанците што живеат во Грција, што живеат во Косово, тоа знаме не им значи ништо или многу помалку им значи, отколку што вас ви значи во Република Македонија. Јас мислам дека не е така. Но, сега ќе прашам, дали ова знаме кое се вееше за време на Втората светска војна, кое го вееја Џемо и Мефаил, кои беа квислинзи и слуги на окупаторот во Република Македонија, после ова признавање на тоа знаме и веење низ Република Македонија, доаѓаме во ситуација едноставно ние да имаме помирување на оние кои беа на две страни за време на војната. За тоа не гледам апсолутно никаква реакција од никого, освен од граѓаните за кои кажувате, еве после толку време да почнало да се вее државното знаме на Република Македонија, на територијата на Северозападна македонија, што вие тука пред Парламентот и пред граѓаните на Република Македонија, го кажувате дека тоа е еден голем успех.

Јас не знам што на овој начин направивме, дали тоа повеќе не му смета на никого, дали имаме заборавање, или пак лавот кој требаше да биде дел од грбот на Република Македонија, толку многу им сметаше за да не можеме да постигнеме ништо, затоа што бил како обележје на ВМРО. Доаѓаме во една друга ситуација, истото ова знаме кога се вееше во 2001 година, кога се рушеше уставниот поредок на Република Македонија и кога дел од господата кои сега се борат за овие етнички знамиња, повторно беа на чело и ги вееја тие знамиња. Дали ние треба сето тоа да го заборавиме, дали треба да заборавиме, да заборавиме дека на изложбата по повод 60-ет години од АСНОМ, значи 2004 година, не беше поставено ниту знамето со кое 1990 година ја добивме независноста на Република Македонија. Мене ми е многу жал. Значи ние национално помирување не можеме да постигнеме, но сето ова другото можеме да го простиме и низ Република Македонија можеме да вееме какви што сакате знамиња и тоа на никој од нас дефинитивно нема да ни смета. Зошто го говорам тоа? Затоа што со самиот Закон, со овој како што ние сега го донесовме, и покрај сите инсистирања прво да се донесе законот за знамиња, да знаеме кои знамиња ќе се веат, затоа што во членот 2 многу јасно се кажува, заедниците на Република Македонија, заради изразување на својот идентитет и особеностите, имаат право да употребуваат знаме и тука апсолутно нема ништо спорно. Под знаме, во смисла на став 1 од овој член, се подразбира знаме на заедниците што го избрале и го употребуваат како знаме за изразување на својот идентитет и особености. Јас денес многу повеќе би сакал да говорев во однос на некои знамиња што овие етнички заедници требаше да ги дефинираат и да ги определат, отколку да говориме за една препратка на еден закон кој веќе е донесен. Но вака како што стои овој закон, тука ништо не е јасно, тука може секој да кажува што сака, да работи како сака и тоа што денес го гледаме во Република Македонија, за жал и да го озваничиме. Што значи тоа? Озваничувањето на сето тоа значи тоа што во моментот на еден поголем дел од територијата на Република Македонија воопшто не се вее знамето. Во поголем дел на Република Македонија воопшто единиците на МВР не може да бидат присутни во тие делови и тука со ваквиот начин и тоа што ние ќе го прогласиме сега за веење на знамиња на заедниците, апсолутно ќе ја изгубиме и територијата и територијалниот интегритет и суверенитетот и се она што некој се плашеше да го каже, или говореше дека го читал во некои колумни. Колумните не се ништо, господа. Озваничувањето и ваквите ситуации кои ние со закон ги донесуваме е страшното, а тоа се случува, за жал, покрај нас, со рушење на Уставот на Република Македонија затоа што тоа нема апсолутно ништо заедничко ни со Охридскиот договор, затоа што неколку пати ова е начинот на кој е изиграно ова Собрание, почнувајки од Охридскиот договор. И кога сето тоа ќе се утврди дека не е така, тогаш ќе најдеме некој друг начин во однос на некои европски стандарди, да бидеме поблиску до Европската унија, да бидеме поблискудо НАТО структурите, или незнам до кого всушност да бидеме поблиску. За жал, ние после овие 15 години се обидуваме сега на влезовите на Република Македонија, покрај нашето знаме да има уште едно државно знаме и како сето тоа ќе биде и како ќе функционира, луѓето што доаѓаат во Република Македонија, во една независна држава, тоа ќе го видиме дополнително, нешто слично имаа нашите источни соседи со знамето на Советскиот Сојуз и знамето на Бугарија. Но, тие веќе ги завршија тие проблеми и денес се многу блиску до Европската унија, веќе бројат денови. За жал, ние ќе броиме знамиња.

Во однос на тоа што во моментот претставува закон, во однос на тоа што во моментот се вее низ Република Македонија, мислам дека сите сме сведоци, не што нема финансиски казни, каде

треба да се казнат со некои средства кои секој ќе ги плати и апсолутно нема да биде проблем, туку такви казни не постојат и за жал гледајќи некои снимки од местата кои во моментот сеуште припаѓаат на Република Македонија, гледаме знамиња од туѓи држави кои се распнати комплетно преку цели улици, во должина од дестина метри и повеќе и за тоа ниту е некој приведен, ниту одговара, ниту мисли да одговара. Јас кажав два настани за кои сеуште очекуваме инфорамција. За нив сеуште нема ништо, а тоа е натпреварот во Тетово меѓу Албанија и Македонија, каде воопшто на меѓународен натпревар, за жал, не се веело македонското знаме и другото е настанот од финалето на купот на Република Македонија каде сеуште очекуваме од МВР извештај, кој успеал да го симне македонското знаме, а да го постави албанското, затоа што таква ситуација до сега не е видена во Република Македонија. Се случува прв пат, но можеби ќе стане и стандардна процедура.

Понтаму, во членот 5 став 2 се вели "во единицата на локалната самоуправа во која живеат граѓани припадници на заедницата и се мнозинство во таа единица на локална самоуправа, согласно член 2 од овој закон, пред и во објектите на државните органи, јавните служби и правните лица основани од државата, на единиците на локалната самоуправа, на улиците, плоштадите и други инфраструктурни објекти, покрај знамето на Република Македонија, се истакнува и знамето на таа заедница. И во ставот 2 се кажува, "на денови на празниците на заедниците", а во претходниот став "во денови на државни и други празници на Република Македонија, утврдени со закон". Значи во ставот 2 " во денови на празници на заедниците" неутврдени со закон, јас кажав што во моментот се случува во Република Македонија. Ние сеуште бараме детален урбанистички план или генерален урбанистички план со кој ќе се подигне споменик по повод жртвите што ги даде македонскиот народ во 2001 година. Во меѓувреме се направени три или четири, во моментот не знам ни колкав е тој број на такви споменици, можеби бројот е и поголем и денес денови на празници се прогласуваат настаните во Гајре, Вејце, Љуботен, Липково и не знам уште колку такви споменици и уште колку такви празници ќе прогласат единиците на локалната самоуправа. Се веат знамиња и сето тоа е во ред. Тоа е начинот, бидејки не е регулирано со закон, а сега го регулиравме со Закон, заедниците се тие кои ќе се искажат, ќе кажат кои се нивните празници и на кој начин тие ќе ги слават нивните празници. Значи со многу знамиња од други држави, со гости, со овие кои учествувале во овие настани кои денес се херои на таа заедница. За жал, ние нашите херои ги ставивме во затвор. Не можеме сеуште да им најдеме место ни за споменик и тука е нашиот проблем. Но, тоа е наш проблем, не е нивни проблем. И овој проблем со овој закон повторно е наш проблем. Затоа господа, мислам дека начинот на кој сакаме да донесеме некои ситуации, пред се апелирам до пратениците од позицијата кои еднаш веќе донесоа погрешна одлука, мислам дека тоа не е начинот на кој ние, вклучувајки се во она што значи Охридски договор, а тоа не е ниту дел од Охридскиот договор, затоа што многу јасно се кажува во членот 2 став 1, што е Охридски договор. Тоа е нешто што некој бара начин, како да официјализира нешто и она што значи употреба на државното знаме, да дојдеме во ситуација на употреба на две државни знамиња, затоа што кај нив нема дилема кое ќе биде тоа знаме, и покрај нашата дилема. Но, во секој случај тие се во рпаво и нивната заложба јас ја оправдувам. Но, се што е понатаму, јас кажав овој закон не решава апсолутно ништо во однос на други знамиња на други држави што се веат во Република Македонија, никаде не ги имате ни спомнато, ниту кажувате кој е начинот. Дали тоа може да се санкционира?

Доаѓајки денес за Скопје, забележани се возила на единицата од НАТО-пактот, од првиот до последниот, на кои се веат грчки знамиња и тоа низ Република Македонија. Мислам дека и тука треба да имаме еден закон со кој ќе се знае како и на кој начин ќе можат тие знамиња да се веат, значи во контекс на НАТО-пактот, или не знам со кое знаме од Европската унија, може да се вее и другото знаме. Вака, кажав, тоа претставува некоја екстериторијалност.

Во однос на членот 6 каде кажувате за локалната самоуправа, кој е организатор, учествува или е презентирана во согласност со правилата и практиката на одржување на тие собири, за да може да се истакне знамето. Мислам дека тука апсолутно ќе дојдеме до една дисхармонија каде може да се случи да имаме две и три знамиња од заедници, а претпоставувам и останатите заедници ќе бараат некои знамиња на држави кои постојат, значи турско знаме, албанско знаме, босанско знаме или не знам уште какви знамиња и ќе изгледаме токму како Обединетите нации. За жал, кажав, во ваквите месни заедници и нивните простори, имаме еден проблем. Имаме месни заедници кои не може да соберат ни 20 или 50 луѓе, така што не знам каде ќе ги поставуваме знамињата. Овие стапови или јарболи што треба да се поставаат пред ваквите месни заедници, мислам дека ќе направат уште поголем проблем и апсолутно ништо со тоа не сме решиле, ни два метри полево ни два метри надесно. Можеби целата зграда е 6 местри, ние не ќе имаме место ни македонското знаме каде да го поставиме, а тоа што беше барање на колегите да биде 2 метри повисоко, не знам како и ќе го псотавиме.

Во однос на тоа што значат казнени одредби, мислам дека во Република Македонија тоа не функционира, не само за знамињата, туку тие казнени одредби не функционираат за луѓе по кои има распишано и потерници, луѓе кои јавно излегуваат на телевизија, пред национални

знамиња, со кои го искажуваат својот национален идентитет на територијата на Република Македонија, која ја прогласуваат екс територија и ние сеуште не можеме никого да казниме, дури некои добиваат и награда, да бидат ослободени, сеуште тие функционираат и се надеваат дека и тие, како дел од некоја држава, ќе влезат во Европската унија. Тоа е господа вашиот проблем, проблемот на ДУИ, а многу поголем наш проблем, на Република Македонија, со употребата на знамињата на етничките заедници. Тоа е проблемот со нас сите како Македонци, како македонски народ и употребата на државното знаме во Република Македонија. Тоа е најголемиот проблем за кој треба да проговориме, а се друго може да бид епод маска за да може да се пробие, затоа што и во моментот ако ја гледаме ситуацијата во Република Македонија, таа е крајно катастрофална и македонското знаме во Северозападниот дел на Република Македонија не се вее. Така што, после некои настани што се случија на тој дел, каде Уставниот суд реагираше, мислам дека и со Одлуката на Уставниот суд, повторно можат да се случат еден, два инциденти и после тоа се да заврши така како што почнало.

Ќе го потсетам колегата Караџоски кој денеска кажа дека, поминувајќи и влегувајќи во Скопје видовме три знамиња што се веат во градот Скопје. Минатиот пат кога доаѓавме се вееше само едно единствено знаме, тоа беше знамето на Република Албанија. Не знам и немам информации дали некој воопшто е казнет за сето тоа. Но, сигурно македонското знаме и знамето на единицата на локалната самоуправа можеби уште не беа готови, не беа ни подготвени па затоа не беа поставени. За тоа, сигурно, некој не може да биде казнет.

Значи, државата и она што значи етнички заедници во Република Македонија и лојалноста што мислите дека ќе ја искажете со ова што, доколку ќе го добиете знамето ќе бидете полојални и тоа го кажувате. Тоа не се докажува, не се кажува со зборови. Јас кажав, ни со 20% во полицијата, ни со 25% во Армијата, ниту со 10 генерали во Армијата или не знам колку работни места во МРТВ тоа не се постигнува. Државата во која што се живее треба и да се оправда она што значи ваше право, за што се борите. Но, вие имате и обврски во оваа држава. Вие, постојано ги барате вашите права и тука завршува приказната. До кога така, оставаме на вас, затоа што соживотот не значи само барање. Соживотот значи живеење, давање, учествување и партиципирање. Затоа што сте дел од оваа власт, можеби утре ќе имате и 10 министри но тоа нема апсолутно ништо да промени.

Сето ова мислам дека не е ниту по меѓународните стандарди и дека за сето ова ќе се произнесат и надворешните органи, што со овој закон, за разлика од вашето кажување не се доближуваме ни до Европската унија, ниту до стандардите на Европската Унија ниту ќе бидеме поблиску до некоја ситуација што ќе биде добра за Република Македонија.

Уште еднаш ќе апелирам, бидејќи сега остануваме само ние, пратениците, да ја донесеме одлуката, да можеме да го изгласаме сето ова затоа што доколку еднаш сме ја направиле грешката, не дозволувајте да ја повториме повторно. Затоа што начинот на кој што се веат овие знамиња без да се донесе законот за знамиња, апсолутно е нерегуларно и на тој начин не можеме да одиме напред.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Мавровски.

Господине Алити, повелете имате три минути реплика.

**Рафис Алити:** Ви благодарам господине претседателе.

Пред се, би сакал процедурално да побарам, пред да ја изнесам мојата реплика во однос на дискусијата на господинот Мавровски.

Молам, да се прекине седницата, бидејќи пратениците од ДУИ се оддалечени од седницата бидејќи постат. Ова е месецот на Рамазан и сите постиме. Би било добро да се прекине седницата, да не продолжиме со неа а да продолжиме утре.

Што се однесува до она што го говореше господинот Мавровски, дозволено е во Собранието да се говори се. Но, добро е да се каже тоа што навистина држи да се каже.

Ние, Албанците во Република Македонија не сме ништо поалбанци од оние на Косово, Грција, Црна Гора, Србија итн. Сите ние сме Албанци, затоа, господине Мавровски, сите имаме едно знаме и имаме ист јазик, албански јазик.

Додека во однос на поимот што го употребувате, македонци со албанско етничко потекло, како што вие сакате да кажете, ќе ви кажам дека Албанците имаат Илирско потекло. Оваа работа вие ја знаете. Но, би било добро вие лично да кажете какво потекло имате вие? Не за мене, туку да кажете на пошироката јавност, бидејќи знаете да се занимавате со оваа тема со која што сакате нас, Албанците, постојано да ни импутирате.

Во однос на знамето, со кое знаме се бореше Џемо или Мефаил, тоа ќе го каже историјата дали правеле масакри и какви масакри направиле. Но, истовремено сакам да кажете, кога го спомнувате Џемаил и Мефаил треба да ги спомнете и албанските партизани кои се бореле во единиците на партизани. Бидејќи и ова е реалност и сигурно дека, кога ги спомнувате масакрите, треба да ги спомнете и масакрите што се направени врз албанците, како што е оној во Блаце, во Тетовскиот монопол и низ цела Република Македонија.

Така што, во оваа насока е добро и пожелно да ја прочитате историјата, но да ја прочитата историјата, а не да се занимавате со озборување.

Во однос на лојалноста Албанците се лојални во однос на оваа држава. Ги плаќаат сите придонеси. Но не очекувајте да бидат лојални во однос на Мавровски. Лојални се во однос на органите на државата. Оваа работа треба да ја гледате вака како што јас ви ја кажав господине Мавровски.

Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Мавровски, една минута, повелете.

**Спиро Мавровски:** Вака, јас би почнал со постот. Јас сум религиозен и мислам дека е во ред. Но, незнам дали вашиот пост ви дава право за ова што го искажавте после тоа, многу навреди.

Но, во секој случај, ќе ви кажам, јас сум македонец, сум бил тука многу пред вас и тоа да го прочитате и вие во историјата и треба да го знаете дека ние говориме ист јазик, македонски јазик со сите околни македонци кои живеат во соседните држави, вклучувајќи ја и Албанија.

Во однос на масакрите, тоа ќе го оставам на вас. А, 2001 година, вие,  можеби за 1945 година ќе говори историјата, за 2001 година ќе треба да говорите вие лично пред македонскиот народ и пред вашите Македонци од албанско етничко потекло кои ги поведовте и ги оставиле своите животи таму. Ги заведовте луѓето, а не знаевте и што се случува, а сега вашата одговорност ја нема.

**Љупчо Јордановски:** Толку е времето, една минута контра реплика.

Бидејќи господинот Рафис Алити побара во име на пратеничката група пауза, јас ја давам паузата.

(Реакција од страна на пратениците од опозицијата)

Не ја давам паузата заради постот, ја давам паузата затоа што како координатор има право да побара, како што секогаш и вам ви давам.

Инаку, оваа дискусија што се води, само можам да искажам една голема жалост, барем од мое лично име.

Благодарам, продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата со работа прекина во 17,28 часот).